Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-2644/28
13.08.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за контрола на индустриски емисии (*), што го утврди на седницата, одржана на 8 јули 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереник Линдита Дика, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Овој закон произлегува од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.07.14 11:41:21 +02:00

Подготвил: Христијан Николов, 10.07.2025
Проверил: Никола Пасков, 10.07.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 10.07.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 14.07.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.07.14 10:57:25 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 14.07.2025 09:26 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=cc1f6017-fa7b-4727-ae73-f56ee7ea6717&docSharePointURL=/materijali/2024/638706435863078032/Documents/act.docx&materialId=7da887aa-f96b-4b01-bc49-903373830194** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Влада на Република Северна Македонија |
| Претставници: | м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и<br><br>м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање |
| Повереник: | Линдита Дика, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање |

Предлог на закон
за контрола на индустриски емисии (*)

Скопје, јули 2025 година

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Досегашниот систем на издавање на интегрирани еколошки дозволи има одредени слабости кои се поврзани пред се со многу детално уредување на инсталациите што не даваше простор за самостојно одлучување на операторите, што влијаеше на намалување на нивната одговорност; дел од издадените дозволи од надлежните органи имаат одредени недостатоци со оглед на тоа дека се издавани во времетраење од многу подолг рок од оној што е пропишан во Законот за животната средина; граничните вредности што се пропишани во дозволите не секогаш кореспондираат со емисиите што се релевантни за предметната инсталација; утврдени се различни параметри за мониторинг кој не секогаш ги опфаќал супстанците што се значајни за локалната животна средина; утврдувањето на начинот и роковите на доставување на извештаи е различен; учеството на јавноста во издавањето на дозволите што се применувало е различно, барањата од посебните закони од областа на животната средина не секогаш биле интегрирани во дозволите и дополнително се согледа дека административните капацитети особено на локално и на централно ниво, не беа доволни за да може да се одговори на комплексноста што се бара за да се примени во контрола на индустриските емисии.

Оваа состојба наметна потреба за надградување на досегашниот систем на издавање на интегрирани еколошки дозволи, негово подетално регулирање во однос на големите индустриски капацитети, намалување на административните бариери и воведување на општи обврзувачки барања за заштита на животната средина за активностите од помал обем (Б-инсталации), со кои ќе се овозможи регулирање на работата на инсталациите, односно постројките, на унифициран начин на целата територија на Република Северна Македонија, согласно дејноста и активноста што ја вршат, со што ќе се избегне можноста за нарушување на конкуренцијата и на пазарот.

Вклучувањето на локалните услови ќе бидат земени предвид за поголемите, а инсталации кои воедно имаат и поголемо влијание врз животната средина.

Со процесот на отпочнување на преговорите со Европската Унја се наметна потребата од усогласување со Европското законодавство и воспоставување на правна рамка за негова примена, што конкретно се однесува и на Директивата за индустриски емисии 2010/75/ЕУ.

Со досегашната актуелна правна рамка е опфатена законска рамка за ИСКЗ која ја сочинуваат Законот за животната средина (во понатамошниот текст: ЗЖС) („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22, 171/22 и 3/25) соодветни подзаконски акти донесени согласно Законот за животната средина, како и македонскиот интегриран систем за издавање на дозволи согласно капацитет и индустриска активност, а тоа се А–Интегрирана еколошка дозвола во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање и Б-Интегрирана еколошка дозвола во надлежност на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, освен во заштитени подрачја.

Со Законот за животната средина во главите XII и XIV е утврден начинот на издавање на интегрирани еколошки дозволи и дозволите за усогласување на оперативен план, нивната контрола и работа на инсталациите кои вршат индустриски активности.

Воедно, во работата на инсталациите, како и контролата на емисиите што произлегуваат од индустриските активности, се применуваат и законите кои ги уредуваат одделните медиуми и области на животната средина, како што е Законот за квалитет на амбиентниот воздух, Законот за водите, Законот за управување со отпадот, Законот за заштита на природата и Законот за заштита од бучава во животната средина и Законот за животната средина.

Посебните закони, беа усогласени со релевантната Директива на Европската унија, со што се започна со спроведување и постигнување на цели кои придонесуваа кон исполнување на напорите.

Со подзаконските правни акти се уредени постапката и учеството на јавноста во издавањето на интегрираните еколошки дозволии.

Системот на издавање на дозволите претходно беше уреден согласно Директивата за ИСКЗ 96/61/ЕК за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, која во 2010 година се укина и истата беше заменета со Директивата за индустриски емисии 2010/75/ЕУ, која наметна потреба од поголема интегрираност на барањата за заштита на животната средина, согласно видот на дејноста, односно активноста што се врши во инсталацијата.

Законот за контрола на индустриски емисии е изработен со помош на Европската Унија преку Твининг проектот МК11/IB/EN/01/R „Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за транспонирање и спроведување на новата Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ" која што ги поставува основните принципи за издавање на дозволи и контрола на инсталациите, базирајќи се на интегриран пристап и задолжителна имплементација на заклучоците за најдобри достапни техники (НДТ заклучоци) и претставува приближување на националното законодавство со европското законодавство заради потребата од обезбедување услови за интегрирано спречување и контрола на загадувањето предизвикано од индустриските активности, како и во обезбедувањето услови за спречување, или намалување на емисиите во воздухот, водата и почвата и спречување на генерирањето на отпад.

Досегашното спроведување на Законот за животната средина покажа дека во Република Северна Македонија е постигнат напредок во регулирањето на емисиите од индустриските активности. Дозволите за усогласување овозможија поголема одговорност на операторите на инсталациите, како и спроведување на мерки кои обезбедуваат поголема заштита на животната средина. Воедно, се покажа дека системот на издавање на дозволи е потребно да се промени затоа што дозволите за усогласување во одредена мера ја постигнаа својата цел, поради што нивното понатамошно постоење би претставувало само бирократско оптоварување на системот. Истовремено, се увиде дека досегашниот систем на издавање на интегрирани еколошки дозволи има одредени слабости кои се поврзани пред се со многу детално уредување на работата на инсталациите во дозволите, што не даваше простор за самостојно одлучување на операторите, што влијаеше во намалување на нивната одговорност.

Од друга страна, се утврди дека дел од издадените дозволи од надлежните органи имаат одредени недостатоци, од кои особено значајни се следните: дозволите се издавани во времетраење од многу подолг рок од оној што е пропишан во Законот за животната средина (од една до десет години); граничните вредности што се пропишани во дозволите не секогаш кореспондираат со емисиите што се релевантни за предметната

инсталација; утврдени се различни параметри за мониторинг кој не секогаш ги опфаќал супстаницииите што се значајни за локалната животна средина; утврдувањето на начинот и роковите на доставување на извештаи е различен, односно не се следени во целост законските барања, како и учеството на јавноста во издавањето на дозволите што се применувало различно.

Одредени недостатоци се поврзани со недоволните административни капацитети на органи, што се особено карактеристични за дозволите кои се издадени од општините, поради што дел од нив побарале интегрираните еколошки дозволи да бидат издавани од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Оваа состојба доведе одделни инсталации да имаат различини услови за работа, односно одделни инсталации да имаат построги барања за животната средина во однос на исти или слични инсталации по дејност, при исти локални услови на животната средина, што во крајна линија предизвика не само различно влијание врз животната средина, туку и нарушување на конкурентноста и условите на пазарот. Дополнително, се увиде дека административните капацитети, особено на локално, но и на централно ниво, не беа доволни за да може да се одговори на комплексноста што се бара за да се примени во контролата на индустриските активности.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Законот е усогласување со Директивата 2010/75/ЕУ од 24 ноември 2010 година за индустриски емисии (интегрирана превенција и контрола на загадувањето донесена од Европскиот парламент и Советот на Европа (CELEX бр.32010L0075), што подразбира усогласување на националното законодавство и европското.

Со донесување на Законот за контрола на индустриски емисии ќе се овозможи:
- создавање на рамка со која ќе се овозможи намалување на негативните влијанија предизвикани од вршењето на дејностите и активностите што се спроведуваат во инсталациите и постројките преку делување во изворот на загадувањето и негово следење со мерки на мониторинг;
- обезбедување на соодветен интегриран пристап за спречување и контрола на емисиите во воздухот, водата и почвата, спречување или намалување на создавањето отпад и намалување на нивото на бучава, постигнување енергетска ефикасност и спречување на настанување несреќи во инсталациите и постројките што вршат индустриски активности;
- обезбедување на еднакви услови за работа на инсталациите и постројките при што контролата на емисиите во животната средина ќе соодветствува на видот на дејноста или активноста што се вршат во истите;
- остварување на начелото загадувачот плаќа, при што загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина и да ги плати трошоците за ремедијација, преку обезбедување на висок степен на заштита на животната средина и здравјето на луѓето;
- обезбедување на учество на јавноста во донесувањето на одлуки при издавањето на интегрираните еколошки дозволи и донесување на општи обврзувачкибарања;
- обезбедување на неопходната транспарентност во работењето на инсталациите и постројките кои се од значање за животната средина;
- воспоставување на еквивалетни барања за заштита на животната средина за сите инсталации или постројки, согласно влијанието што го имаат од вршењето на дејноста или активноста.

Предлог на Законот за контрола на индустриски емисии се заснова на начелата чија основа е утврдена во Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22).

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одредбите на Предлогот на закон за контрола на индустриски емисии немаат дополнителни фискални последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финасиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за контрола на индустриски емисии не повлекува обврска за обезбедување на дополнителни финасиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субејкти.

Предлог на закон за контрола на индустриски емисии (*)

## ГЛАВА I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
### Предмет на уредување

Со овој закон се уредуваат правата и должностите на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и правата и должностите на правните и на физичките лица во обезбедувањето услови кои се потребни за интегрирано спречување и контрола на загадувањето предизвикано од индустриски активности, како и обезбедување услови за спречување или намалување на емисиите во воздух, вода и почва и спречување на создавање на отпад, со цел да се постигне високо ниво на заштита на животната средина како целина заради остварување на правото на граѓаните за здрава животна средина.

### Член 2
### Цели на Законот

Цел на овој закон е спречување, намалување и колку што е возможно спречување на загадувањето кое е предизвикано или кое може да настане од спроведување на индустриски активности во согласност со начелото „загадувачот плаќа”, како и начелото „спречување на загадувањето“, преку:
- создавање на рамка со која ќе се воспостави контрола на индустриските активности согласно одредбите од овој закон, ќе се делува во изворот на загадувањето, притоа обезбедувајќи разумно управување со природните ресурси, како и земајќи ја во предвид доколку е потребно, економската ситуација и локалните услови каде што се одвива активноста и
- обезбедување на соодветен интегриран пристап за спречување и контрола на емисиите во воздухот, водата и почвата, управување со отпадот, намалување на нивото на бучава, енергетска ефикасност и превенција од несреќи.

### Член 3
### Примена на Законот

(1) Овој закон се применува на:
- индустриски инсталации кои вршат дејности или активности за кои е потребно издавање на А-интегрирани еколошки дозволи;
- големи согорувачки постројки;
- постројки за инцинерација и ко-инцинерација;
- инсталации кои произведуваат титаниум диоксид;
- инсталации кои користат органски растворувачи и
- инсталации кои вршат активности од помал обем (Б-Интегрирани еколошки дозволи).

(2) На индустриските инсталации и постројки од ставот (1) на овој член освен одредбите од овој закон се применуваат и посебните одредби кои се вклучуваат во интегрираната

(*) Со овој закон се врши усогласување со Директивата 2010/75/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 24 ноември 2010 година за индустриски емисии (интегрирана превенција и контрола на загадувањето) (CELEX бр.32010L0075).

еколошка дозвола за индустриски инсталации и постројки, без издавање на посебни дозволи од соодветната област од животната средина.

Член 4
Исклучоци

Одредбите од овој закон не се применуваат на истражувачки активности, развојни активности и тестирање на нови производи и процеси.

Член 5
Супсидијарна примена на Законот

(1) Во постапките при вршење на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор во животната средина, доколку поинаку не е уредено со овој закон.
(2) Во управните постапки утврдени со овој закон се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку поинаку не е уредено со овој закон.

Член 6
Начин на постигнување на целите на Законот

(1) Ако емисиите на стакленички гасови од некоја инсталација кои се регулирани со системот за трговија со емисии (поврзани со активност која се врши во таа инсталација), интегрираната еколошка дозвола не ја вклучува граничната вредност на емисијата за директната емисија на тој гас, освен ако е потребно да се гарантира дека неенаправено значајно загадување на животната средина.
(2) На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата и воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и други природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштита од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина (во натамошниот текст: посебни закони), доколку поинаку не е уредено со овој закон.
(3) Сите мерки, стандарди и цели утврдени со овој или други закони од областа на животната средина и прописите донесени врз основа на истите се применуваат како минимални барања.
(4) Доколку со одредбите од овој или другите закони од областа на животната средина и прописите донесени врз основа на истите се одредени мерки, стандарди и цели за заштита и унапредување на животната средина се применуваат мерките, стандардите и целите кои обезбедуваат највисок степен на заштита и унапредување на животната средина.

Член 7
Поими

(1) Одделни поими употребени во овој закон го имаат следното значење:
1) „Супстанца“ е секој елемент и неговите соединенија со исклучок на радиоактивните супстанци дефинирани согласно прописите за радиоактивност и генетските

модифицирани микроорганизми односно организми дефинирани согласно прописите за генетски модифицираните организми;
2) „Опасни супстанци“ се супстанци или препарати, дефинирани согласно прописите за управување со хемикалии, коишто содржат една или повеќе опасни супстанци и својства кои ја загадуваат и оштетуваат животната средина и се опасни по човечкиот живот и здравје со докажани акутни, хронични, токсични и други штетни ефекти;
3) „Загадување“ е директно или индиректно внесување на супстанци, материи, вибрации, топлина или бучава во воздухот, водата или почвата што настанува како резултат на вршење на дејност или активности управувани од човекот, што може да бидат штетни за здравјето на луѓето или квалитетот на животната средина, коешто исто така може да доведе до оштетување,да ги наруши или намали вредностите на другите легитимни активностина користење на животната средина;
4) „Инсталација“ е неподвижна техничка единица во рамките на која се вршат една или повеќе дејности или активности утврдени во овој закон, вклучително и сите други директно поврзани активности на иста локација, кои имаат меѓусебна техничка врска и сите заедно можат да влијаат врз животната средина, а чие работење е регулирано со интегрирана еколошка дозвола издадена согласно овој закон или со општите обврзувачки барања донесени согласно овој закон;
5) „Постројка“ е неподвижна техничка единица во рамките на која се вршат една или повеќе дејности кои опфаќаат и спроведуваат еден технолошки процес без оглед дали истата работи самостојно или е во склоп на инсталација, а чие работење е регулирано со интегрирана еколошка дозвола издадена согласно овој закон или со општите обврзувачки барања донесени согласно овој закон.Постројките можат да бидат: големи согорувачки постројки, постројки за горење и постројки за согорување;
6) „Емисија“ е испуштање или истекување на супстанци во течна, гасовита или во цврста состојба, препарати, испуштање на енергија (бучава, вибрации, зрачење, топлина), миризба, организми или микроорганизми, како и испуштање на микробиолошки материјал од некој извор во еден или во повеќе медиуми на животната средина, како резултат на човековата активност;
7) „Гранична вредност на емисија“ е маса изразена преку одредени специфични параметри, концентрација и/или ниво на емисија, која не смее да се надмине во текотна еден или повеќе временски периоди при утврдени референтни услови на работа на инсталацијата, односно постројката;
8) „Референтни услови на работа“ се сет на мерливи параметри на работа на инсталацијата односно постројката, како што се бројот на работни часови, временски периоди, надворешени услови, квалитет на горива и слично, кои се земаат предвид при утврдувањето дали инсталацијата, односно постројката ги почитува граничните вредности на емисија, а кои се определени со интегрираната еколошка дозвола или со општите обврзувачки барања утврдени со овој закон;
9) „Стандард на квалитет на животната средина“ е збир од критериуми кои треба да ги исполнува одделен медиум или област на животната средина во одредено време и при одредени услови на начин определен со закон и со друг пропис на Република Северна Македонија;
10) „Интегрирана еколошка дозвола“ е писмено одобрување за работа на целата или дел од индустриската инсталација или постројката за согорување, постројката за инцинерација на отпад или постројката за коинцинерација на отпад издадена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;
11) „Општи обврзувачки барања“ се гранични вредности на емисија или други услови, најмалку на ниво на сектор, донесени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, со

намера преку нив директно да се утврдат условите во А-интегрираната еколошка дозвола и Б - интегрираната еколошка дозвола;
12) „Општи обврзувачки барања за заштита на животната средина за активностите од помал обем (Б-инсталации)“ се збир на барања донесени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласа на животната средина во кои се утврдени барања или услови поврзани со заштитата на животната средина за определена дејност, активности, како што се гранични вредности на емисија, мониторинг, референтни услови за работа, рокови и/или примена на мерки, вклучително и мерки за управување, планирање и известување, кои се донесени согласно овој закон, со намера преку нив да се уредат условите за работа на инсталацијата, односно постројката кои операторот треба да ги почитува и/или спроведува;
13) „Значителна промена“ е промена настаната со проширување или намалување на капацитетот или обемот на вршењето на дејноста или активноста во исталацијата односно постројката, која што предизвикува промена на влијанието врз човечкото здравје и животната средина и/или на референтните услови за работа кои биле земени предвид при издавањето на интегрираната еколошка дозвола;
14) „Постоечка инсталација“ е инсталација која што е оперативна согласно постојната фактичка состојба на терен или за која е издадена интегрирана еколошка дозвола до 31.12.2027 година;
15) „Најдобри достапни техники“ се најефективната и најнапредната фаза во развојот на дејностите или активностите и нивните методи на работа кои укажуваат на практична соодветност на конкретните техники за постигнување на граничните вредности на емисии и други услови во интегрираната еколошка дозвола, со цел да се спречи и каде тоа не е возможно да се намалат емисиите и влијанието врз животната средина, при тоа:
- „Техники“ се технологии кои се користат и начин на кој индустриската инсталација или постројката е проектирана, изградена, одржувана, користена и затворена;
- „Достапни техники“ се оние техники кои се развиени до степен кој овозможува примена во соодветен индустриски сектор, во економски и технички одржливи услови, земајќи ги предвид трошоците и предностите, независно дали техниките се користат или се произведени во Република Северна Македонија се додека истите се разумно достапни за операторот;
- „Најдобри“ значи најефикасни во постигнување на високо општо ниво на заштита на животната средина како целина;
16) „Референтен документ за најдобри достапни техники“ е документ изработен од Биро за интегрирано спречување и контрола на загадувањето на Европа како резултат на размена на информации и е изготвен за утврдени активности во кој посебно се опишуваат применетите техники, постојаните емисии и нивоа на потрошувачка и техники кои се земаат предвид при утврдување на најдобри достапни техники, како и нивните заклучоци и било кои нови техники во настанување, давајќи посебно внимание на критериумите наведени во член 43 од овој закон;
17) „Биро за интегрирано спречување и контрола на загадувањето на Европа“ е дел од одделението за циркуларна економија и одржлива индустрија на Заедничкиот научен и истражувачки центар на Европската комисија кој има за цел да развие референтни документи за најдобри достапни техники/заклучоци за најдобри достапни техники во кои се опишуваат индустриските процеси, нивоата на емисии и потрошувачка на применетите техникии најдобрите достапни техники за интегрирано спречување и контрола на загадувањето од индустриските активности;
18) „Заклучоци за најдобри достапни техники“ се документ согласно член 44 од овој закон кој содржи делови од референтниот документ за најдобри достапни техники кои содржат опис, податоци за проценка на применливоста, гранични вредности поврзани со

најдобрите достапни техники, мониторингот, нивоата на потрошувачка на енергенси и материјали и соодветни мерки за ремедијација на локацијата;
19) „Нивоа на емисија поврзани со најдобрите достапни техники“ се гранични вредности на емисија добиени во нормални услови на работа на индустриската инсталација, односно постројка со употреба на најдобри достапни техники или комбинација на најдобри достапни техники, како што е опишано во заклучоците на најдобрите достапни техники, изразени како просек за одреден временски период под референтни услови на работа;
20) „Техника во настанување“ е нова техника за индустриската активност која доколку се развива комерцијално, би можела да обезбеди повисоко општо ниво на заштита на животната средина или најмалку исто ниво на заштита, но со поголема заштеда на трошоци за разлика од постоечките најдобри достапни техники;
21) „Оператор“ е секое правно или физичко лице кое управува со работењето или има контрола на цела инсталација или нејзин дел или постројка определени со овој закон или лице на кое му е пренесена дозволата и овластувањето за донесување на економски одлуки за техничкото функционирање на инсталацијата согласно членовите 49 и 101 од овој закон;
22) „Јавност“ е едно или повеќе физички лица и организации и здруженија на граѓани основани согласно закон;
23) „Засегната јавност“ е јавноста којашто е засегната или веројатно ќе биде засегната или има интерес од донесување на одлука за издавање или измена на интегрираната еколошка дозвола или на условите во дозволата или регистрација на инсталацијата или постројката согласно овој закон. Здруженијата на граѓани формирани за заштита и унапредување на животната средина согласно закон се сметаат за засегната јавност;
24) „Основен извештај“ се податоци за состојбата на загаденоста на почвата и подземните води со релевантни опасни супстанци, како и други услови што се определени со прописите за процена;
25) „Подземни води“ се водите коишто се наоѓаат под површината на земјата во зоната на сатурација и се во директен контакт со површината или со потслоевите;
26) „Почва“ е горниот слој на земјината кора, сместена помеѓу камената подлога и површината. Почвата се состои од минерали, органска материја, вода, воздух и живи организми;
27) „Живина“ се пилињата, мисирките, бисерките, патките, гуските, потполошките, гулабите, фазаните и еребиците кои се одгледуваат или чуваат во заробеништво заради приплод, производство на месо или јајца за консумирање или за надополнување на фондот со дивеч;
28) „Вклучување и исклучување“ се активностите за започнување или исклучување на која било активност, пуштање на инсталацијата или постројката, опрема или резервоар во или вон работа, во или вон состојба на мирување. Операциите за вклучување и исклучување не вклучуваат почетни и завршни фази од периодични технолошки процеси;
29) „Мониторинг“ е дел од системот за управување што се користи во инсталацијата или постројката за следење на работата на инсталацијата, односно постројката, употребата на природни ресурси, емисии, загадувања на подземните води и почвата и создавањето на отпад, за намалување и/или прочистување на емисиите, ракување со отпадот и избегнување несреќи;
30) „Гориво“ е секој/а цврст, течен или гасовит запалив материјал или материја;
31) „Постројки за согорување“ е секој вид на технички апарат во кој што горивата оксидираат со цел да се искористи топлината добиена на тој начин;
32) „Голема согорувачка постројка“ е постројка за согорување со номинален топлински влез од најмалку 50 MW;

33) „Постоечки големи постројки за согорување“ се сите постројки за согорување кои имаат добиено интегрирана еколошка дозвола согласно Законот за животната средина, или на кои операторите доставиле целосно барање за интегрирана дозвола согласно овој закон;
34) „Нови големи постројки за согорување“ се сите постројки кои имаат поднесено барање за добивање на интегрирана еколошка дозвола согласно овој закон;
35) „Оџак“ е структура која содржи еден или повеќе испусти низ кои поминуваат отпадните гасови и се испуштаат во воздухот;
36) „Работни часови“ е времето изразено во часови во текот на кое големата постројка за согорување, во целост или делумно работи и испушта емисии во воздухот, освен за време на нејзиното вклучување и исклучување;
37) „Стапка на десулфуризацијата“ е сооднос за даден временски период на количината на сулфур која не се емитува во воздухот од постројката за согорување и количината на сулфур која е содржана во цврстото гориво кое се внесува во постројката и коешто истовремено се користи во постројката за согорување;
38) „Домашно цврсто гориво“ е природно настанато цврсто гориво и извадено локално на подрачјето што се наоѓа во Република Северна Македонија, кое е запалено во постројка за согорување која што е посебно дизајнирана и наменета за тоа гориво;
39) „Одредувачко гориво“ е гориво кое меѓу сите горива кои се користат во постројката за согорување која користи повеќе видови на горива и која користи дестилациски и преработени остатоци од рафинирањето на сирова нафта за сопствени потреби, самостојно или со други горива има највисоки утврдени гранични вредности на емисии или во случај кога неколку видови горива имаат иста гранична вредност на емисија, како и горивото кое има највисока влезна топлинска моќ меѓу тие горива;
40) „Биомаса“ е било кое од следното:
а) производи кои содржат било какви растителни супстанци од земјоделството или шумарство кои можат да се користат како гориво во смисла на искористување на нивната енергетска содржина,
б) следниот отпад:
- растителен отпад од земјоделство и шумарство;
- растителен отпад од прехранбената индустрија, кога произведената топлина се користи;
- влакнест растителен отпад од производство на целулоза и производство на хартија од целулоза, ако е согорена на местото на производство а произведената топлина се користи;
- отпад од плута и
- дрвен отпад освен дрвениот отпад кој може да содржи халогени органски соединенија или тешки метали како резултат на обработка на дрво со средства за заштита или премази и кој вклучува особено дрвен отпад настанат при градење и рушење;
41) „Голема постројка за согорување која користи повеќе видови горива“ е секоја голема постројка за согорување која може да користи истовремено или како алтернатива две или повеќе видови на горива;
42) „Гасна турбина“ е секоја ротирачка машина која ја претвара топлинската енергија во механичка работа, составена од компресор, термички уред во кој горивото се оксидира со цел да се загрее работната течност и турбината, ова ги вклучува и гасните турбини со отворен циклус и комбиниран циклус и гасни турбини во кои ко-генеративен режим, сите со или без дополнително горење;
43) „Гасен мотор“ е мотор со внатрешно согорување кој работи според Отовиот циклус и за согорување на горивото користи искра или во случај на мотор со двојно гориво, компресија;
44) „Дизел мотор“ е мотор со внатрешно согорување кој работи според дизелски циклус и користи компресија за палење на горивото;

45) „Отпад“ е секоја супстанца, материја или предмет од категориите на отпад наведени во Листата на видови на отпад од членот 15 од Законот за управување со отпадот (*) коишто создавачот или поседувачот ги исфрла, има намера да ги исфрли или од него се бара да ги исфрли;
46) „Опасен отпад“ е отпад утврден со Законот за управување со отпадот (*) и прописите донесени врз основа на истиот;
47) „Мешан комунален отпад“ е отпад од домаќинствата како комерцијален и индустриски отпад, кој поради својата природа и содржина е сличен на отпадот од домаќинствата освен фракциите кои се наведени во подгрупата 20 01 од Листата на видови на отпад и видовите отпад наведени во подгрупата 20 02 од Листата;
48) „Постројка за инцинерација на отпад“ е секоја неподвижна и подвижна техничка единица и опрема наменета за топлинска обработка на отпадот, со или без искористување на топлината произведена од горењето, по пат на горење со оксидацијата на отпадот како и со други постапки на топлинска обработка, како што се пиролиза, гасификација или плазма процесот, доколку супстанците кои произлегуваат од третманот последователно се горат;
49) „Постројка за коинцинерација на отпад“ е секаков вид на неподвижни и подвижни технички единици наменети за производство на енергија или производство на материјални производи и кои употребуваат отпад, како редовно или доплонително гориво, или во коишто термички се третира отпадот за отстранување преку горење со оксидација на отпадот и со други термички процеси на третман, како што се пиролиза, гасификација или плазма процесот, доколку супстанците кои произлегуваат од третманот последователно се горат;
50) „Номинален топлински влез“ е капацитетот утврден од производителот на печките на постројката за горење или за согорување на отпад и потврден од операторот, земајќи ја предвид пониската калориска вредност на отпадот, изразен како количина на согорен отпад на час;
51) „Диоксни и фурани“ се сите полихлорирани дибензо-п-диоксини и дибенозофурани за кои се утврдени гранични вредности согласно овој закон и прописите од областа на воздухот;
52) „Остаток“ е секој течен или цврст отпад кој се создава од постројката за горење или за согорување на отпад;
53) „Органски соединенија“ се сите соединенија кои го содржат најмалку елементот јаглерод и еден или повеќе од следните супстанците: водород, халогени, кислород, сулфур, фосфор, силициум или азот освен јаглеродни оксиди и неоргански карбонати и бикарбонати;
54) „Испарливи органски соединенија“ се сите соединенија како и фракцијата креозот кои при температура од 293,15 K имаат притисок на пареи од 0,01 kPa или повеќе или имаат соодветна испарливост под одредени услови на користење;
55) „Органски растворувач“ е секое испарливо органско соединение кое за било што од следното, може да се користи:
а) само или во комбинација со други агенси и без да биде подложено на хемиски промени, растварање на суровини, производи или отпадни материјали;
б) како агенс за чистење на растворување на загадувачки материи;
в) како растворувач;
г) како дисперзионен медиум;
д) како регулатор на густина;
ѓ) како регулатор на површински притисок;
е) како пластификатор и
ж) како конзерватор.

56) „Облога“ е секое соединение, вклучувајќи ги сите органски растворувачи или препарати што содржат органски растворувачи неопходни за негово правилно нанесување кој што  се користи за да обезбеди филм со декоративен, заштитен или друг функционален ефект врз површината;
57) „Зона“ е дел од територијата на Република Северна Македонија за целите на проценка и управување со квалитетот на воздухот;
58) „Решение за регистрација“ е решение издадено од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина со кое одредена инсталација или постројка согласно овој закон е регистрирана во Националниот регистар на индустриски инсталации и постројки од член 19 од овој закон и кое се смета дека инсталацијата, односно постројката го исполнила законскиот услов за да може да работи, односно да започне да работи и со тоа да ја врши својата дејност или активност;
59) „Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина“ е Министерството за животна средина и просторно планирање;
60) „Стручен орган“ е Управата за животна средина како орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина, кој е орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање;
61) „Загадувач“ е секое правно или физичко лице чиешто дејство, посредно или непосредно предизвикува загадување на животната средина;
62) „Мерки, стандарди и цели за заштита и унапредување на животната средина“ се активности кои се поврзани со превенцијана заштита од штетни влијанија утврдени со овој закон во делот на загадувачките супстанци и технологии, отпад, бучава и вибрации, јонизирачко и нејонизирачко зрачење;
63) „Интервентни мерки“ се мерки за спречување и санација на последиците од  штетните влијанија врз животната средина кој ги донесува Државниот инспекторат за животна средина во соработка со Стручниот орган во конкретен случај согласно обемот на несреќата и
64) „Комплексни случаи“ се случаи кои се однесуваат на ситуација или проблем што вклучува сложени фактори во врска со загадувањето, односно влијанието врз животната средина или предизвикувачки аспекти кои бараат внимателна анализа или решавање.

## ГЛАВА II
## НАЧЕЛА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 8
### Начело на загадувачот плаќа

Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за ремедијација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина во најголема можна мера во состојба како пред оштетувањето.

### Член 9
### Начело на превенција на загадувањето

Мерките и активностите за заштита на животната средина се донесуваат пред да дојде до штетни последици од индустриските активности со донесување на правила кои се креираат за да спречат или доколку тоа не е возможно, да ги намалат емисиите во воздухот, водата и почвата и да спречат содавање на отпад за да се постигне високо ниво на заштита на животната средина како целина.

Член 10
Начело на интегрирано спречување и контрола на загадувањето кое произлегува од индустриското загадување

Индустриските активности на операторите се вршат исклучиво согласно условите утврдени во интегрираната еколошка дозвола која е усогласена со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, односно се вршат согласно општите обврзувачки барања за заштита на животната средина со цел да се обезбеди високо ниво на заштита на животната средина како целина, спречување и контрола на загадувањето преку интегрирање на сите извори на загадување што можат да произлезат од индустриските активности, интегриран пристап кон спречувањето и контролата на емисиите во воздухот, водата и почвата, управувањето со отпадот, енергетската ефикасност и спречувањето на хаварии и несреќи.

Член 11
Начело на супсидијарност

Општината, општините во градот Скопје и градот Скопје во рамките на своите надлежности определени со закон, имаат право и должност на своето подрачје да ги преземаат сите мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина од индустриските активности, кои не се во исклучива надлежност на државните органи.

Член 12
Начело на пропорционалност

Системот за заштита на животната средина од индустриски активности се заснова на усвојувањето и на спроведувањето на законите, плановите, програмите и одлуките кои обезбедуваат пропорционалност меѓу потребите за развој и потребите за заштита на животната средина.

Член 13
Начело на претпазливост

Доколку постои основано сомневање дека одредена индустриска активност може да предизвика штетни последици врз животната средина, се преземаат неопходни мерки за заштита пред да стане достапен научниот доказ дека такви штетни последици би можеле да настанат.

Член 14
Начело на учество на јавноста и пристап до информации

Граѓаните имаат право да учествуваат во постапките за издавање на интегрирани еколошки дозволи  со коешто се обезбедува право на пристап до информциите и учество на јавноста во донесување на одлуките кои се однесуваат на заштитата на животната средина во вршење на индустриските активности.

Член  15
Начело на пристап до правда

Граѓаните имаат право на еднаков пристап до правдата за запознавање, остварување и за ефективна правна помош од институциите на системот.

## ГЛАВА III
## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ИНДУСТРИСКИ АКТИВНОСТИ

### Член 16
### Обврска за поседување на интегрирана еколошка дозвола или регистрација

(1) Инсталациите, односно постројките кои вршат дејности или индустриски активности утврдени со овој закон се должни да поседуваат интегрирана еколошка дозвола, односно да поседуваат решение за регистрација, издадено на начин и под услови утврдени со овој закон.
(2) Интегрирана еколошка дозвола се должни да ги имаат следните инсталации, односно постројки:
- индустриски инсталации од главата IV од овој закон;
- големи согорувачки постројки од главата V од овој закон;
- постројки за инцинерација или постројки за коинцинерација на отпад од главата VI од овој закон;
- инсталации кои произведуваат титаниум диоксид од главата VII од овој закон и
- инсталации од помал обем (Б-интегрирани еколошки дозволи) од главата IX од овој закон.

(3) Решение за регистрација се должини да имаат инсталациите, односно постројките кои употребуваат органски растворувачи од главата VIII од овој закон.
(4) Индустриските инсталации од ставот (2) на овој член можат да отпочнат со работа само по претходно добиена интегрирана еколошка дозвола или со одобрена измена на постоечката дозвола издадена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина согласно одредбите од овој закон, како и согласно условите определени во дозволата согласно овој закон.
(5) Инсталациите односно постројките од ставот (3) на овој член не можат да отпочнат со работа без да имаат решение за регистрација, ниту да отпочнат со работа пред да добијат решение за регистрација од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина издадено согласно одредбите од овој закон.
(6) Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги определува видот на дејностите и активностите на инсталациите и постројките од ставот (2) на овој член.

### Член 17
### Обврски на операторот во случај на хаварии и несреќи

(1) Доколку како резултат на работата на инсталацијата се случи несреќа или хаварија која значително ќе влијае врз животната средина, здравјето на луѓето, благосостојбата, имотот и културното наследство, операторот е должен, веднаш да:
- го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, Државниот инспекторат за животна средина, односно овластениот инспектор за животна средина на општината, како и надлежните органи за заштита и спасување и
- да преземе интервентни мерки за ограничување на последиците од несреќи и хаварии во животната средина и спречување на можни понатамошни несреќи и хаварии.

(2) Државниот инспекторат за животна средина, односно овластениот инспектор за животна средина на општината доколку е потребно ќе побара од операторот да преземе соодветни интервентни мерки од член 7 точка 63) од овој закон со цел да ги намали

можните последици врз животната средина определени во дозволата и да ги спречи можните понатамошни несреќи и хаварии од член 23 од Законот за инспекциски надзор во животната средина.
(3) Во случаите од ставот (2) на овој член Државниот инспекторат за животна средина е должен да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, односно овластениот инспектор за животна средина на општината е должен да го извести градоначалникот на општината, односно на градот Скопје со цел преземање на интервентните мерки од член 7 точка 63) од овој закон кои ќе ги ограничат последиците од несреќата, односно хаваријата врз животната средина.

Член 18

Обврски на операторот за почитување на барањата во интегрираната еколошка дозвола односно општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активностите од помал обем (Б-инсталации)

(1) Операторот на инсталација или постројка од член 16 од овој закон е должен да ги почитува, да постапува и да презема мерки коишто се содржани во најдобрите достапни техники кои имаат за цел исполнување на барањата утврдени во Б-интегрираната еколошка дозвола, односно исполнување на барањата утврдени во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активностите од помал обем (Б-инсталации).
(2) Во случај кога условите во дозволата се прекршуваат, операторот е должен:
а) веднаш да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, општината, општините во градот Скопје, градот Скопје и Државниот инспекторат за животна средина, односно овластениот инспектор за животна средина на општината;
б) веднаш да преземе мерки коишто се содржани во најдобрите достапни техники со кои ќе се обезбеди усогласеност со условите во дозволата согласно утврдените рокови во дозволите и
в) веднаш да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, општината, општините во градот Скопје, градот Скопје и Државниот инспекторат за животна средина, односно овластениот инспектор за животна средина на општината за преземените и спроведените мерки согласно овој член.
(3) Доколку како резултат на неисполнувањето на условите во дозволата може да настане директно и значајно негативно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето, Државниот инспекторат за животна средина, односно овластениот инспектор за животна средина на општината, со решение ќе го забрани работењето на инсталацијата или дел од неа согласно член 83 став (4) од Законот за инспекциски надзор, се додека активностите не се усогласат со условите во дозволата.
(4) Државниот инспекторат за животна средина, односно овластениот инспектор за животна средина на општината е должен записниците и решенијата од извршените инспециксин надзори да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје согласно членовите 82 и 83 од Законот за инспекциски надзор.

Член 19

Национален регистар на индустриски инсталации и постројки

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во електронска форма води Национален регистар на индустриски инсталации и постројки (во понатамошниот текст: Регистарот) кои се предмет на

уредување согласно член 16 од овој закон, и тоа за индустриските инсталации од главата IV од овој закон, големите согорувачки постројки од главата V од овој закон, постројките за инцинерација или постројките за коинцинерација на отпад од главата VI од овој закон, инсталациите кои произведуваат титаниум диоксид од главата VII од овој закон и инсталациите од помал обем (Б-инсталации) од главата IX од овој закон.
(2) Општината, општините во градот Скопје и градот Скопје водат Регистар за инсталциите и постројките кои се наоѓаат на нивната територија (локален регистар). Регистарот кој што го водат општините е дел од Регистарот од ставот (1) од овој член и редовно се ажурира на неделно ниво од страна на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на Регистарот од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на локалниот регистар кој го водат општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, за инсталации кои се наоѓаат на нивна територија.
(4) Барањето за регистрација на инсталации, односно постројки во Регистрите од ставовите (1) и (2) на овој член го поднесува операторот на инсталацијата, односно постројката до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина пред да започне со работа.
(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен редовно да го ажурира Регистарот од став (1) на овој член на неделно ниво.

Член 20
Оцена на влијанието врз животната средина

Операторот кој управува со инсталацијата, односно постројката може да поднесе барање за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола или Б-интегрирана еколошка дозвола, односно барање за регистрација во Регистарот, односно локалниот регистар на индистриски инсталации и постројки врз основа на претходно добиено решение за одобрена студија за оцена на влијанието врз животната средина, односно решение за одобрен елаборат за животната средина.

Член 21
Гранични вредности на емисиите во животната средина

(1) Операторот на инсталацијата или постројката од член 16 став (2) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон е должен емисиите во воздухот, водата или почвата, како и нивоата на бучавата што се испуштаат од вршењето на дејноста или активноста да ги сведе во рамките на граничните вредности кои се определени во прописите со кои се уредува одделната област или медиум на животната средина, овој закон или прописите донесени врз основа на овој закон, заклучоците за најдобрите достапни техники или согласно барањата пропишани во интегрираната еколошка дозвола.
(2) Операторот на инсталацијата или постројката од член 16 став (2) алинеја 5 од овој закон е должен емисиите во воздухот, водата или почвата, како и нивоата на бучавата што се испуштаат од вршењето на дејноста или активноста да ги сведе во рамките на граничните вредности кои се определени со прописите со кои се уредува одделната област или медиуми на животната средина со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и согласно општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активностите од помал обем (Б-инсталации) од член 18 од овој закон.

Член 22
Мониторинг на емисиите што се испуштаат во животната средина

(1) Операторот на инсталацијата или постројката од член 16 став (2) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон е должен да спроведува мониторинг на емисиите што се испуштаат во животната средина на начин како што е определено во барањата пропишани во интегрираната еколошка дозвола, која е во согласност со прописите со кои се уредува одделната област или медиум на животната средина, прописите донесени врз основа на овој закон и заклучоците за најдобрите достапни техники.
(2) Операторот на инсталацијата или постројката согласно член 16 став (2) алинеја 5 од овој закон е должен да спроведува мониторинг на емисиите што се испуштаат во животната средина на начин утврден во прописите со кои се уредува одделната област или медиум на животната срединаво овој закон и/или прописите донесени врз основа на овој закон, како и согласно општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активностите од помал обем (Б-инсталации) од член 18 од овој закон.
(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ја утврдува фреквенцијата за следење на загадување на почвата и подземните води преку мерките утврдени согласно член 38 став (5) точка б) од овој закон која се врши најмалку еднаш на пет години за подземните води и најмалку еднаш на десет години за почвата, доколку поинаку не е утврдено во интегрираната еколошка дозвола.

Член 23
Должност за чување на документацијата и доставување на информации

(1) Операторот на инсталацијата односно постројката, која е предмет на уредување во овој закон е должен да ги чува сите документи и информации во врска со работењето на инсталацијата, односно постројката кои се однесуваат на барањето за интегрираната еколошка дозвола или регистрација, издавањето на интегрираната еколошка дозвола или решението за регистрација, резултатите од мониторингот, како и документите од инспекцискиот надзор за период од најмалку десет години од денот на нивното издавање, односно најмалку десет години по престанокот на работа на инсталацијата односно постројката.
(2) Операторот на инсталацијата, односно постројката согласно член 16 став (2) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон и став (3) на овој член е должен документите од ставот (1) на овој член да ги направи достапни до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и Државниот инспекторат за животна средина и на нивно барање да ги достави сите потребни податоци и информации со кои располага, а се поврзани со работата на инсталацијата, односно постројката.
(3) Операторот на инсталацијата согласно член 16 став (2) алинеја 5 од овој закон е должен документите од ставот (1) на овој член да ги направи достапни на барање на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје или на овластениот инспектор за животна средина на општината и на нивно барање да ги достави сите потребни податоци и информации со кои располага, а се поврзани со работата на инсталацијата, односно постројката.
(4) Операторите на инсталациите односно постројките кои се предмет на уредување согласно член 16 од овој закон должни се да поднесуваат до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина до 31 март секоја година годишен извештај за животна средина за претходната календарска година заради информирање.

Член 24
Објава на информации

(1) Барањето за интегрирана еколошка дозвола, нацрт на интегрираната еколошка дозвола, решенијата за издавање, односно одбивање да се издаде интегрирана еколошка дозвола, решенијата за измена на интегрираната еколошка дозвола (вклучувајќи го и преносот), резултатите од мониторингот на животната средина во сопственост на операторот и документи издадени од инспекцискиот надзор на животната средина на инсталациите се јавни документи.
(2) Барањата за интегрирана еколошка дозвола од ставот (1) на овој член можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(3) Решенијата за издавање, односно одбивање да се издаде интегрирана еколошка дозвола, решенијата за измена на интегрираната еколошка дозвола и пренос од ставот (1) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(4) По исклучок од ставовите (2) и (3) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањата и решенијата од ставот (1) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана доставана електронската адреса на подносителот на барањето/надлежниот орган, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(5) Решенијата за издавање, измена, пренос, отфрлање на барање и одземање на интегрирана еколошка дозвола, како и нивните измени се достапни на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(6) Информациите во врска со мерките преземени при конечен прекин на работата на инсталацијата согласно член 53 од овој закон и другите информации кои ги поседува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина согласно условите во интегрираната еколошка дозвола исто така, треба да бидат достапни на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(7) Информациите кои се однесуваат на дизајнот односно на дејноста или активностите на зградата или инсталацијата, составот или употребата на одредени суровини, хемикалии или други материјали или производи може да се третираат како информации со ограничен пристап, доколку таквите информации се доставаат како посебен дел од барањето за интегрирана еколошка дозвола и се јасно означени како „деловна тајна“.
(8) Информациите од ставот (6) на овој член се информации со ограничен пристап и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина со решение ги определува како такви, имајќи го предвид јавниот интерес за откривање на информациите. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ќе ги направи достапни информациите согласно прописите за слободен пристап до информации, доколку не содржат деловна тајна.

## ГЛАВА IV
## ИНДУСТРИСКИ ИНСТАЛАЦИИ ЗА КОИ Е ПОТРЕБНО ИЗДАВАЊЕ НА А-ИНТЕГРИРАНИ ЕКОЛОШКИ ДОЗВОЛИ

### Член 25
### Дејности и активности во индустриските инсталации или постројки

(1) Операторите на инсталациите согласно член 16 став (2) од овој закон кои вршат дејности или активности, промени на постоечките дејности или активности на територијата на Република Северна Македонија можат да ги вршат истите, само со претходно издаденаА-интегрирана еколошка дозвола согласно член 32 од овој закон или со измена на постоечката дозвола издадена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, како и согласно условите определени во дозволата од член 32 од овој закон.
(2) За индустриските постројки од член 16 став (2) алинеи 2, 3 и 4 од овој закон се применуваат дополнителни барања согласно одредбите од главите V, VI, VII и VIII од овој закон и не им се издаваат посебни дозволи, дополнителните барања се вклучуваат во А-интегрираната еколошка дозвола.
(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да издаде една А- интегрирана еколошка дозвола за една или повеќе инсталации или постројките кои се управувани од еден ист оператор, доколку се наоѓаат на иста локација, поради што  условите утврдени во дозволата обезбедуваат секоја инсталација или постројка да ги исполни барањата од членовите 16 и 18 од овој закон.

### Член 26
### Општи обврски на операторот на А –интегрирана еколошка дозвола

(1) Операторот на инсталацијата која поседува А-интегрирана еколошка дозвола своите активности ги врши на начин со кои ќе обезбеди:
а) преземање на сите неопходни мерки за спречување на загадувањето;
б) примена на најдобрите достапни техники во инсталацијата, односно постројката согласно овој закон;
в) да не се предизвикува значајно загадување врз животната средина и негативно влијание врз здравјето на луѓето;
г) спречување на создавање на отпад согласно стратешките и планските документи од областа на управувањето со отпад и прописите за управување со отпад;
д) постапување со создадениот отпад согласно хиерархијата за управување со отпад и во согласност со прописите за управување со отпад, односно ќе се овозможи негова повторна употреба, рециклирање или преработка или доколку е технички и економски неизводливо ќе обезбеди негово отстранување на начин со кој ќе се избегне или намали било какво влијание врз животната средина;
ѓ) почитување на условите за работа што се определени во А-интегрираната еколошка дозвола;
е) примена на енергетска ефикасност согласно прописите за енергетска ефикасност прописите за климатска акција и овој закон;
ж) нивоата на емисии што се испуштаат во животната средина да бидат усогласени со условите утврдени во А- интегрираната дозвола или прописите на кои упатува;
з)  преземање на сите потребните мерки со кои ќе се избегнат несреќи и ќе се ограничат нивните последици и

ѕ) преземање на сите неопходни мерки по престанок на работата на инсталацијата, односно постројката со цел избегнување на секаков ризик од загадување на животната средина, како и враќање на локацијата на инсталацијата односно, постројката во задоволителна состојба од член 51 од овој закон.

Член 27
Стандарди за квалитет на животната средина

(1) Во А-интегрираната еколошка дозвола се определени мерки за работа на индустриската инсталација, односно постројката кои обезбедуваат заштита на животната средина заради постигнување на стандардите за животната средина содржани во прописите од областа на животната средина.
(2) Доколку со стандардите за животната средина од ставот (1) на овој член се утврдени построги барања за заштита на животната средина отколку оние кои би можеле да се постигнат со примена на најдобрите достапни техники во А- интегрираната еколошка дозвола, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина определува дополнителни мерки за заштита на животната средина, со цел исполнување на пропишаните стандарди утврдени во најдобрите достапни техники.

Член 28
Барање за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола

(1) Операторот на инсталацијата, односно постројката утврдена од член 16 став (2) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон е должен да поднесе барање за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола за работа на таа инсталација, односно постројка до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(2) Барањето за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола од ставот (1) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од ставот (1) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето/надлежниот орган, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(4) Операторот во прилог на барањето доставува и други дополнителни податоци, придружна документација, табеларни прикази и прилози за образложување на наводите, информации согласно барањата за оцена на влијанијата врз животната средина или извештајот и одредбите од прописите од областа на животната средина, како и други информации согласно барањата кои произлегуваат од ставот (1) на овој член, а се резултат на обврски пропишани во други прописи.
(5) Информациите кои се однесуваат на проектирање на објектите во кои се вршат дејностите или активностите, технолошките процеси, составот или употребата на одредени суровини, хемикалии или други материјали или производи операторот може да ги определи како информации со ограничен пристап, поради што е потребно таквите

информации да ги приложи како посебен дел кон барањето, како и потребната документација која се приложува кон барањето во затворен плик кој е јасно означен со зборовите „деловна тајна“.
(6) Информациите од ставот (5) на овој член се информации со ограничен пристап кои органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да ги разгледа и имајќи предвид дека јавниот интерес не може да биде загрозен со ограничување на пристапот на јавноста до информациите, должен е да донесе решение со кое истите ги определува како информации со ограничен пристап. При донесување на решението, согласно прописите за слободен пристап до информации, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен информациите да ги направи достапни до јавноста до оној степен до кој не содржат податоци кои откриваат деловни тајни.
(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен заврш‌ење на работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината како и начинот на доставување на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација.

Член 29
Постапување со барањето за А-интегрирана еколошка дозвола

(1) Во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето согласно член 28 од овој закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да побара дополнување на барањето и во зависност од видот на недостатоците и достапноста на податоците, се определува рок за дополнување на барањето кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 90 дена од денот на приемот на барањето за дополнување во писмена форма.
(2) Доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина бара дополнување на барањето, рокот потребен за издавање на А-интегрираната еколошка дозвола започнува да тече од денот на приемот на дополнетото барање со податоците наведени во известувањето од ставот (1) на овој член.
(3) Доколку операторот не го достави дополнувањето на барањето во рокот определен во ставот (1) од овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во рок од седум дена од денот на истекување на рокот да донесе решение со кое го отфрла барањето за добивање на дозволата како некомплетно.
(4) Решението од ставот (3) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(5) Против решението од ставот (3) на овој член барателот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.
(6) Жалбата од ставот (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услугиили преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(7) По исклучок од ставовите (4) и (6) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната

платформа за интероперабилност, решението од ставот (3) на овој член и жалбата од ставот (5) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето, односно до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 30
Усогласување во врска со барањето

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во рок од десет дена од денот на приемот на комплетното барање да достави по еден примерок, до:
а) органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството;
б) органите на државната управа кои ги уредуваат дејностите или активностите кои би се вршеле во инсталацијата (во натамошниот текст: другите надлежни органи);
в) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на чие подрачје се наоѓа инсталацијата и
г) Државниот инспекторат за животна средина.
(2) Органите од ставот (1) на овој член имаат право да доставaт во писмена и/или електронска форма свои мислења и забелешки по однос на барањето во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето. Доколку во определениот рок, органите од ставот (1) точките в) и г) на овој член не достават мислења и забелешки, се смета дека немаат забелешки по однос на барањето.
(3) Мислењата и забелешките од ставот (2) на овој член по службена должност можат да бидат поднесени, прибавени и доставени во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.
(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, мислењата и забелешките од ставот (2) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето/надлежниот орган, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 31
Објавување на барањето за А-интегрирана еколошка дозвола

(1) Во рок од седум дена од денот на приемот на комплетното барање, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да го објави барањето од ставот (3) на овој член најмалку во два дневни весници достапни на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на својата веб страна. Објавата во дневниот весник е на товар на барателот на дозволата.
(2) Градоначалникот на општината на чие подрачје се наоѓа инсталацијата должен е во рок од седум дена од приемот на комплентното барање, истото да го објави на веб страната на општината од ставот (1) на овој член.

(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен истовремено со објавата да обезбеди јавен пристап до комплетното барање доставено од операторот, со исклучок на доверливите информации за засегнатата јавност, вклучувајќи ги и граѓанските здруженија формирани со цел заштита на животната средина. Комплетното барањето се објавува во електронска форма на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина  и достапна е во писмена форма во просториите на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и на општината во која се наоѓа инсталацијата. Информациите кои што ќе бидат дополнително доставени во текот на постапката ќе бидат достапни на јавноста и ќе бидат објавени на веб страната каде што е објавено барањето.

Член 32
Издавање на А-интегрирана еколошка дозвола

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува решение со кое се издава А-интегрирана еколошка дозвола во кое се наведуваат условите за работа на инсталацијата со А-интегрирана еколошка дозвола во шест примероци не подолго од 180 дена од денот на доставување на барањето.
(2) Три примероци од А-интегрираната еколошка дозвола ги задржува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Примерок од А-интегрираната еколошка дозвола се доставува до операторот, Државниот инспекторат за животна средина и до општината на чија територија се наоѓа инсталацијата и копија до градот Скопје кога инсталацијата е на територијата на градот Скопје.
(3) За инсталациите за кои е задолжителна оцената на влијанијата врз животната средина, А-интегрирана еколошка дозвола може да се издаде само по претходно донесено решение со кое се дава согласност на студијата за оцена на влијанието на проектот, согласно Законот за животната средина.
(4) Решението од ставот (3) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(5) Жалба против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе од страна на засегнати правни и физички лица, како и од здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(6) Против решението од ставот (1) на овој член операторот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението, единствено по однос на задолжителните услови утврдени во дозволата, а кои не биле предвидени во нацртот на дозволата или за кои операторот дал забелешки, а не биле прифатени од страна на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(7) Жалбата од ставовите (5) и (6) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(8) По исклучок од ставовите (4) и (7) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (3) на овој член и жалбата од ставовите (5) и (6) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(9) Решението од ставот (1) на овој член се издава врз основа на увид во инсталацијата и нејзината работа заради утврдување на исполнувањето на барањата утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола, што го спроведува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Увидот во инсталацијата се врши во координација со Државниот инспекторат за животна средина.
(10) А-интегрираните еколошки дозволи се обновуваат на секои седум години согласно постапката за издавање на А- интегрирани еколошки дозволи.

Член 33
Постапување со барањето во случај на прекугранични влијанија кога инсталацијата е на територија на Република Северна Македонија

(1) Кога органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина врз основа на содржината на барањето оцени дека вршењето на дејностите или активностите во индустриската инсталација, односно постројка за која се бара издавање на дозвола може да предизвика негативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето и врз животната средина на територијата на друга држава, во согласност со обврските кои произлегуваат од меѓународните договори кои ги ратификувала Република Северна Македонија, ги доставува податоците од објавата на барањето од член 31 став (3) од овој закон до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на засегнатата држава.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен преку органот на државната управа надлежен за вршење на надворешните работи и надворешната трговија, да ги достави податоците од ставот (1) на овој член до другата засегната држава, со барање да се произнесе дали надлежните органи на таа држава се заинтересирани да учествуваат во постапката за издавање на дозволата за индустриската инсталација, односно постројка во Република Северна Македонија.
(3) Во случај кога засегнатата држава од ставот (2) на овој член се изјасни дека е заинтересирана да учествува во постапката за добивање на дозволата за индустриската инсталација односно постројка, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен од денот на приемот на известувањето на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на другата држава да му обезбеди еднаков третман како и на домашната јавност и да му ги направи достапни податоците на ист начин како што ги прави и за домашната јавност, согласно правилата и постапките утврдени во меѓународните договори кои ги ратификувала Република Северна Македонија, а кои се

однесуваат на оцена на прекуграничното влијание врз животната средина, како и согласно овој закон.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да ги достави до заинтересирата држава сите забелешки од консултацијата со јавноста во рок од 15 дена од денот на неговото изготвување.
(5) Трошоците за постапката поврзани со прекуграничните консултации, трошоците за превод на податоците и документите на јазикот на засегнатата држава, како и трошоците за доставување на документите до засегнатата држава поврзани со издавањето на дозволата ќе бидат на товар на барателот на дозволата.
(6) Во случај кога дејноста или активноста за која се бара издавање на дозволата е предмет на оценување на прекугранично влијание врз животната средина и е во фаза на проект, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да ја извести засегнатата држава за мислењата што ги добила во таа постапка, како и за нејзиниот исход.

Член 34
Постапување со барањето во случај на прекугранични влијанија кога инсталацијата е на територија на друга држава

(1) Доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина добие известување од друга држава за покрената постапка за издавање дозвола на индустриска инсталација, односно постројка, чијашто работа би можела да има негативно влијание врз здравјето на луѓето и врз животната средина на територијата на Република Северна Македонија е должен веднаш да спроведе постапка за оцена на засегнатоста на Република Северна Македонија од работата на таквата инсталација, односно постројка согласно правилата и постапките утврдени во меѓународните договори кои ги ратификувала Република Северна Македонија, а кои се однесуваат на оцена на прекуграничното влијание врз животната средина, како и согласно овој закон.
(2) Во случаите од ставот (1) на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето да го извести Стручниот орган на другата држава дали има намера да учествува во постапката за издавање на дозвола.
(3) Доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина самостојно или преку други засегнати органи и засегнатата јавноста дознае дека е започната постапка за издавање на дозвола за индустриска инсталација или постројка која може да има негативно влијание врз здравјето на луѓето и врз животната средина на територијата на Република Северна Македонија е должен во рок од осум дена од денот на добивањето на сознанието, преку органот на државната управа надлежен за вршење на надворешните работи и надворешната трговија на Република Северна Македонија да достави барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на другата држава кој е стручен за издавање на дозволата за да се овозможи учество на органите и јавноста на Република Северна Македонија во постапката за добивање на дозвола.
(4) Учеството на органот на државната управа надлежен за вршење на работите областа на животната средина, како и засегнатите органи и засегнатата јавноста на Република Северна Македонија во постапката за добивање на дозвола на индустриска инсталација, односно постројка од друга држава ќе се врши согласно правилата и постапките утврдени во меѓународните договори кои ги ратификувала Република Северна Македонија, а кои се однесуваат на оцена на прекуграничното влијание врз животната средина, како и согласно овој закон.

(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да објави податоци што се добиени од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на другата држава во рок од 15 дена од денот на добивањето на истите од другата држава на својата веб страна, особено оние кои се однесуваат на описот на дејностите или активностите што ќе се спроведуваат во индустриската инсталација, односно постројката, информации за тоа каде можат да се добијат информации за барањето за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола и за начинот за учество на јавноста во постапката за издавање на дозволата.
(6) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да ги објави податоците од ставот (5) на овој член во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија со барање јавноста да се произнесе по истите во рок од 15 дена од денот на објавувањето.
(7) Мислењата добиени од страна на засегнатата јавноста и другите засегнати органи, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина заедно со своето мислење должен е да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животна средина на другата држава во рок од 15 дена од денот на истекување на рокот во кој јавноста имала право да ги достави своите мислења.
(8) Трошоците за објава и превод се на товар на операторот.

Член 35
Поднесување мислења во врска со барањето

(1) Во рок од 30 дена од денот на објавувањето на комплетното барање согласно член 31 од овој закон, јавноста може да ги достави своите мислења и ставови во писмена и електронска форма до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(2) Во врска со изготвувањето на А-интегрираната еколошка дозвола, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да ги земе во предвид аргументираните мислења доставени во рокот утврден во ставот (1) на овој член, но не е задолжен да ги прифати сите доставени мислења.
(3) За време на изготвувањето на А-интегрираната еколошка дозвола, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина не е обврзан да ги земе во предвид мислењата доставени по истекот на рокот од став (1) на овој член.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во образложението на А-интегрираната еколошка дозвола да наведе кои од мислењата и ставовите доставени од јавноста се земени во предвид, кои не се, како и причините зошто не се земени во предвид.
(5) На барање на засегнатата јавност, операторот е должен да организира јавна расправа најрано 15 дена од денот на објавувањето на комплетното барањето, но не подоцна од десет дена пред истекот на рокот утврден во ставот (1) на овој член.
(6) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ја информира општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје за обврската на операторот да организира јавна расправа по барање на засегнатата јавност.
(7) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во соработка со операторот води записник за јавната расправа. Записникот од страна на операторот се доставува до органот на државната управа

надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за истите да можат да се земаат предвид при издавање на дозволата.
(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го пропишува начинот на одржување на јавната расправа од ставот (5) на овој член.

Член 36
Рок за издавање на интегрирана еколошка дозвола

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да донесе решение за издавање на дозвола за индустриската инсталација, односно постројката во рок од 180 дена од денот на доставување на комплетното барањеза добивање на интегрирана еколошка дозвола од член 28 од овој закон, како и истото да го објави на својата веб страна, веднаш по неговото донесување заедно со издадената дозвола.
(2) Во случај кога барањето за добивање на интегрирана еколошка дозвола се однесува на случаи за коишто е потребно дополнително истражување, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да го продолжи рокот од ставот (1) на овој член, но не подолго од една година сметано од денот на поднесување на барањето за издавање дозвола, за што е должен писмено да го извести барателот на дозвола и другите засегнати страни во постапката и да ги образложи причините за продолжувањето, како и да го наведе рокот во кој се планира дозволата да биде издадена. Писменото известување органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да го објави на својата веб страна.
(3) Ако при постапување со барањето согласно член 28 од овој закон, врз основа на ставовите и мислењата доставени согласно членовите 30, 31 и 35 од овој закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина утврди дека се потребни дополнителни податоци ја прекинува постапката и определува рок, кој не може да биде пократок од 15 дена, но не подолг од 90 дена од денот на приемот на известувањето во кој барателот на А-интегрираната еколошка дозвола треба да ги достави потребните податоци.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во дозволата соодветно да ги вгради мислењата добиени од ставот (3) на овој член да наведе кои мислења и ставови се прифатени, а кои не се, како и да ги наведе причините за тоа.

Член 37
Отфрлање на барањето за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да донесе решение со кое што го отфрла барањето согласно член 29 од овој закон, доколку:
1) начинот на кој се предлага да се врши дејноста или активноста може да предизвика штетни последици врз животот и здравјето на луѓето и врз животната средина;
2) доставеното барање не е во согласност со овој и со други закони од областа на животната средина и прописите донесени врз основа на истите;
3) предложените техники за вршење на дејноста или активноста на индустриската инсталација односно постројка не се во согласност со најдобрите достапни техники за соодветната дејност, односно активност во кој припаѓа инсталацијата, односно постројката;

4) операторот не ги доставил потребните податоци на начин согласно член 28 став (3) од овој закон;
5) врз основа на податоците дадени во барањето согласно член 28 од овој закон, може да се заклучи дека дејноста или активноста за која се бара дозвола, не овозможува усогласеност со стандардите за квалитет на животната средина;
6) барателот на дозволата не постапил согласно обврските што ги има во постапката за издавање на дозволата од член 29 од овој закон и
7) е утврдено дека се доставени неточни податоци во барањето или во текот на постапката за издавање на дозвола.
(2) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(3) Барателот на дозволата може да поднесе жалба против решението од ставот (1) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(4) Жалбата од ставот (3) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(5) По исклучок од ставовите (2) и (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член и жалбата од ставот (3) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен веднаш по неговото донесување, решението од ставот (1) на овој член да го објави на својата веб страна.

Член 38
Содржина на А-интегрираната еколошка дозвола

(1) Во дозволата органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да утврди задолжителни услови за работа и мерки со кои се обезбедува исполнување на општите и посебните обврски на операторот на индустриската инсталација и постројката утврдени согласно член 18 став (2) од овој закон.
(2) При издавање на А-интегрирана еколошка дозвола, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина задолжително ги зема во предвид:
а) природата и видот на дејноста или активноста којашто треба да се врши во инсталацијата;
б) состојбата на животната средина на локацијата на којашто е сместена инсталацијата;
в) барањата за заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина пропишани со закон;

г) информациите содржани во студијата или во извештајот за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина;
д) применливите стандарди и граничните вредности за емисии во животната средина;
ѓ) потреба за спречување и намалување на штетата врз животот и здравјето на луѓето и врз животната средина;
е) ставовите и мислењата доставени во согласност со одредбите од овој закон и
ж) техничките и економските карактеристики на инсталацијата, географската локација на инсталцијата и состојбата на локацијата, како и за податоците за определување на најдобрите достапни техники.
(3) А-интегрираната еколошка дозвола е базирана врз најдобрите достапни техники согласно членовите 42,43 и 44 од овој закон.
(4) А-интегрираната еколошка дозвола содржи податоци за операторот и инсталацијата и задолжителни услови за граничните вредности на емисии, мерките за заштита на сите медиуми на животната средина и начин на извршување на мониторинг од страна на операторот на инсталацијата.
(5) Мерките за заштита на животната средина и поврзаниот мониторинг треба најмалку да го опфатат следново:
а) гранични вредности на емисии за загадувачки супстанци кои како минимум треба да бидат земени предвид при определување на граничните вредности на емисија и за други загадувачи кои може да се испуштат од предметната инсталација во значителни количини, имајќи ја предвид нивната природа и потенцијалот за пренос на загадување од еден на друг медиум;
б) соодветни услови кои обезбедуваат заштита на почвата и подземните води и мерки во врска со мониторингот и управувањето на отпадот генериран од инсталацијата;
в) соодветни услови за мониторинг на емисиите со одредена методологија на мерење, зачестеност на мерењето и постапка на оценување;
г) обврската на редовно или најмалку еднаш годишно доставување до надлежните органи на податоци базирани на резултатите од мониторингот на емисии од точка в) на овој став и други потребни податоци кои му овозможуваат на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да утврди дали има усогласеност со условите на дозволата;
д) соодветните барања за редовно одржување и контрола на мерки кои се преземени за да спречи емисии во почвата и подземните води согласно точка б) на овој став;
ѓ) мерките кои се однесуваат на условите кои не се вообичаени работни услови, како што се активностите на уклучување и исклучување, течењата, дефектите, моменталните запирања и конечниот престанок на работа;
е) одредби за минимизирање на загадувањето или преку-граничното загадување и
ж) услови за проценка на усогласеност на граничните вредности на емисии или упатување на применливи услови кои се наведени во други места.
(6) Нацртот на А-интегрираната еколошка дозвола, електронски му се доставува на операторот. Операторот може да ги достави своите забелешки во рок од 30 дена од денот на приемот на нацртот на дозволата.
(7) Нацртот на А-интегрираната еколошка дозвола се објавува на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за јавноста да може да ги достави своите забелешки во рок од 15 дена од денот на објавата.
(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува формата, содржината, како и начинот на издавање на А-интегрираната еколошка дозвола.

Член 39

Гранични вредности на емисија, еквивалентни параметри и технички мерки

(1) Граничните вредности на емисијата, еквивалентните параметри или техничките мерки се засноваат на најдобрите достапни техники согласно членовите 42, 43 и 44 од овој закон.
(2) При утврдување на граничните вредности на емисијата, еквивалентните параметри или технички мерки, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ја зема предвид природата на супстанците што се испуштаат во животната средина од изворот на загадување на инсталацијата и потенцијалното пренесување на загадувањето предизвикано од еден медиум на животна средина на друг.
(3) Доколку дејноста или активноста која се врши во инсталацијата не е покриена со ниту еден од заклучоците за најдобрите достапни техники, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ќе утврди такви гранични вредности на емисија кои гарантираат дека под нормални услови на работа на инсталацијата, емисиите од инсталацијата нема да ги надминат нивоата на емисија кои би се постигнале со примена на најдобрите достапни техники.
(4) За исполнување на целите од ставот (3) на овој член, граничните вредности на емисија кои се определени во А-интегрираната еколошка дозвола нема да ги надминат граничните вредности на емисии согласно најдобрите достапни техники. Овие гранични вредности на емисии ќе се утврдат за ист или пократок временски рок и под исти референтни услови како нивоата на емисии поврзани со најдобрите достапни техники.
(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да утврди различни гранични вредности на емисија од тие во ставот (3) од овој член по однос на вредностите, временските рокови и референтните услови. Доколку се примени оваа опција, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина најмалку еднаш годишно е должен да ги проценува резултатите на мониторингот на емисии за да провери дали емисиите под нормални работни услови не ги надминале нивоата на емисии поврзани со најдобрите достапни техники.
(6) Граничните вредности на емисија ќе се применуваат во точките каде емисиите ја испуштаат инсталацијата. Секоја дисперзија или разредување на емисиите со други супстанци или медиуми на животната средина пред испуштање во истата, нема да се земат предвид при определување на граничните вредности на емисијата.
(7) Во однос на индиректните испуштања во вода влијанието на пречистителната станица може да биде земено предвид при утврдување на граничните вредности на емисијата на предметната инсталација, под услов операторот да гарантира еквивалентно ниво на заштита на животната средина како целина и долку ова не придонесува до повисоки нивоа на загадување во животната средина.
(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува загадувачките супстанци кои минимално треба да бидат земени предвид при определување на граничните вредности на емисија.

Член 40

Отстапувања од општите пропишани граничните вредности на емисии

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во посебни случаи може да одреди помалку строги гранични вредности на емисии. Отстапувањето може да се примени само доколку проценката

покажува дека постигнувањето на нивоата на емисии поврзани со најдобрите достапни техники би довело до неразмерно високи трошоци во споредба со придобивката за животната средина, и тоа заради:
а) географската положба или локалните услови на животната средина на предметната инсталација или
б) техничките карактеристики на предметната инсталација.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во прилог на условите на дозволата ги документира причините за примената на ставот (1) од овој член, вклучувајќи го и резултатот на проценка и оправдувањето за наметнатите услови доставени од операторот.
(3) Граничните вредности на емисии кои се во согласност со ставот (1) на овој член мора да гарантираат дека нема да предизвикаат негативни последици согласно член 39 став (1) од овој закон. За инсталациите од главите V, VI, VII и VIII од овој закон, граничните вредности на емисија, како и другите пропишани технички услови во соодветните подзаконски акти ќе се применуваат како минимални услови.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина повторно ја проценува примената на став (1) од овој закон на секое разгледување на условите на дозволата согласно член 46 од овој закон.
(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да додели привремени отстапувања од применливите гранични вредности на емисии и од условите од член 26 став (1) точките а) и б) од овој закон за тестирање и користење на нови техники во временски период кој не е подолг од девет месеци, под услов по изминување на наведениот временски период техниката да е запрена или активноста најмалку постигнала ниво на емисија поврзана со најдобрите достапни техники.

Член 41

Построги услови за постигнување на стандард за квалитет на животна средина

(1) Во случај кога стандардите за квалитет на животна средина бараат построги услови од условите кои можат да се постигнат со примената на најдобрите достапни техники, во дозволата треба да се вклучат дополнителни мерки за заштита на животната средина утврдени во најдобрите достапни техники.
(2) Дополнителни мерки за заштита на животната средина утврдени во најдобрите достапни техники опфаќаат услови во дозволата построги од тие кои можат да се постигнат со користење на најдобрите достапни техники.
(3) При разгледување на мерките од ставот (2) на овој член се посветува посебно внимание на резултатите од оценката на влијанието врз животната средина.
(4) Во А-интегрираната еколошка дозвола се пропишуваат барања и мерки за работа на индустриската инсталација, односно постројката кои обезбедуваат заштита на животната средина заради постигнување на стандардите за животна средина содржани во прописите од областа на животната средина.
(5) Доколку со стандардите содржани во прописите од областа на животната средина се определени построги услови за заштита на животната средина, отколку оние кои би можеле да се постигнат со примена на најдобрите достапни техники во А-интегрираната еколошка дозвола ќе се пропишат дополнителни мерки за заштита на животната средина, со цел исполнување на пропишаните стандарди, при тоа нема да се исклучат другите мерки кои е потребно да се преземат за да се постигнат стандардите за животната средина.

Член 42
Начин на утврдување услови според најдобри достапни техники

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за утврдување на условите во А-интегрираната еколошка дозвола ги зема во предвид заклучоците за најдобрите достапни техники кои се применуваат за активноста или видот на производните процеси кои се спроведуваат во рамките на инсталацијата.
(2) Во случај кога најдобрите достапни техники не се опфатени во ниту еден од заклучоците за најдобрите достапни техники, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина заради определување на најдобрите достапни техники чии услови ги пропишува во А-интегрираната еколошка дозвола,ги зема во предвид критериумите од член 43 од овој закон во однос на најдобрите достапни техники.
(3) Во случај кога не се наведени условите на А-интегрираната еколошка дозвола во ниту еден од заклучоците за најдобрите достапни техники, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во соработка со операторот, условите на дозволата ги утврдува врз основа на најдобрите достапни техники, доколку се исполнети, следните услови:
а) техниката е утврдена согласно критериумите од член 43 од овој закон во однос на најдобрите достапни техники;
б) се исполнуваат минималните гранични вредности на супстанци кои треба да бидат земени предвид при определување на граничните вредности на емисија и
в) во случај кога заклучоците за најдобрите достапни техники не содржат гранични вредности на емисии поврзани со најдобрите достапни техники, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина со избраната техника и технологија ќе обезбеди исто ниво на заштита на животната средина согласно најдобрите достапни техники утврдени во заклучоците.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина согласно член 41 од овој закон може да определи построги услови од тие кои можат да бидат постигнати со спроведувањето на најдобрите достапни техники, наведени во заклучоците за најдобрите достапни техники.
(5) Во однос на инсталациите за интензивно одгледување на живина или свињи, ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член се применуваат без исклучување од примената на одредбите од Законот за заштита и благосостојба на животните, освен ако со друг закон не е поинаку определено.

Член 43
Критериуми за утврдување на најдобри достапни техники

Кога најдобрите достапни техники не се опфатени во ниту еден од заклучоците за најдобрите достапни техники или во случаите кога овие заклучоци не ги опфаќаат сите можни влијанија врз животната средина од активноста или процесот или во случаите кога операторот одлучува да примени најдобра достапна техника која не е опишана во предметниот заклучок за најдобрите достапни техники, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина треба да се раководи, според следните критериуми:
1) употреба на технологија која генерира мали количини отпад;
2) употреба на помалку опасни материи;
3) преработка и рециклирање на супстанци создадени во процесот на производство и во отпадот;

4) употреба на споредливи процеси, постројки или методи на работа кои се успешно испробани во индустриско производство;
5) технолошкиот напредок и резултатите од научниот развој;
6) природата, влијанијата и обемот на емисиите од интерес;
7) датум кога е започната или започнува со работа вршењето на дејноста или активноста на инсталацијата;
8) времетраењето потребно да се воведат најдобрите достапни техники;
9) природата и потрошувачката на користените суровини, вклучително и водата и нивната енергетска ефикасност;
10) влијанието на емисиите врз животната средина и спречување на ризиците што произлегуваат од нив или нивно намалување во најголема можна мерка;
11) спречување несреќи и минимизирање на последиците од нив и
12) релевантни информации објавени од меѓународни организации за најдобрите достапни техники.

Член 44
Донесување на Заклучоци за најдобри достапни техники

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на предлог на Стручниот орган во рок од шест месеци од објавување на нов заклучок за најдобри достапни техники, со посебни одлуки ги усвојува заклучоците за најдобрите достапни техники и објавува Листа за најдобри достапни техники донесени од Биро за интегрирано спречување и контрола на загадувањето на Европа.
(2) Пред усвојувањето на заклучоците за најдобрите достапни техники, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да објави нацрт на одлука за усвојување на заклучоците за најдобрите достапни техники на својата веб страна.
(3) Во рок од 30 дена од денот на објавата на нацртот на одлуката од ставот (2) на овој член, засегнатата јавност и заинтересираните страни можат да доставаат мислења и забелешки само во однос на рокот за примена на заклучокот за најдобри достапни техники.
(4) По истекот на рокот од ставот (3) на овој член и врз основа на добиените мислења и предлози, Стручниот орган доставува предлог на одлука за усвојување на заклучоците за најдобрите достапни техники до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(5) Одлуката за заклучоците за најдобрите достапни техники од ставот (1) на овој член се објавува во Листата за најдобри достапни техники од ставот (1) на овој член.
(6) Во случај кога има промени во инсталацијата со која управува операторот кој поседува А-интегрирана еколошка дозвола во однос на најдобрите достапни техники, објавени во Листата за најдобри достапни техники од ставот (1) на овој член е должен во рок од една година да достави извештај до Стручниот орган по однос на потребата за усогласување на заклучоците за најдобрите достапни техники.
(7) Операторите се должни да го усогласат своето работење во рок од четири години од денот на влегувањето во сила на Листата за најдобри достапни техники од ставот (1) на овој член и да ги усогласат условите на дозволата согласно новите барања од заклучоците за најдобрите достапни техники.
(8) Стручниот орган постојано го следи спроведувањето на новите заклучоци за најдобрите достапни техники во рамките на Европската Унија.

Член 45

Објавување на А-интегрираната еколошка дозвола

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во рок од 15 дена од денот на издавањето на дозволата, истата да ја објави на својата веб страна и да биде објавена најмалку во два дневени весници достапни на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и да овозможи увид на заинтересираната јавност во информациите во врска со учеството на јавноста во постапката за издавање на дозволата и во мислењата кои се земени предвид и врз основа на кои е издадена дозволата. Објавувањето на А-интегрираната еколошка дозвола во дневниот весник е на товар на барателот на дозволата.
(2) Објавата од ставот (1) од овој член се врши во форма и големина, видлива за јавноста.

Член 46

Измена на А-интегрираната еколошка дозвола по службена должност

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина одлучува за измена на А-интегрираната еколошка дозвола по службена должност, во следните случаи:
1) по објава на Листата на најдобри достапни техники од член 44 став (1) од овој закон;
2) кога дејноста или активноста на индустриската инсталација, односно постројка не е опфатена со заклучоците за најдобрите достапни техники, но развојот на најдобри достапни техники дозволува значително намалување на количеството на емисии во животната средина;
3) кога загадувањето на животната средина предизвикано од индустриската инсталација, односно постројка се зголемило до таа мера што предизвикува штетни последици по животот и здравјето на луѓето и на животната средина, поради што е потребно промена на граничните вредности на емисии односно условите утврдени во дозволата заради почитување на стандардите на квалитет на животната средина;
4) кога безбедноста во работењето на индустриската инсталација, односно постројка бара употреба на поинакви технологии;
5) кога загадувањето на животната средина се зголемило до таа мера што предизвикува штетни последици по животот и здравјето на луѓето и на животната средина, поради што е потребно промена на граничните вредности на емисии, односно условите утврдени во дозволата заради почитување на стандардите за квалитет на животната средина;
6) кога стандардите за квалитет на животната средина се изменети или се донесени нови, поради што е неопходно работењето на индустриската инсталација, односно постројка да се прилагоди;
7) доколку настанат измени во прописите од областа на животната средина кои можат да влијаат врз работењето на индустриската инсталација, односно постројка и
8) кога се наметнати или предложени значителни промени во природата или функционирањето на индустриската инсталација, односно постројка.
(2) Во случаите од ставот (1) од овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина писмено или електронски го известува операторот за потребата од измена на А-интегрираната еколошка дозволата во кое ги објаснува причините за измена на дозволата, како и потребните информации кои операторот треба да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(3) Во известувањето од ставот (2) од овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина задолжително определува рок во кој треба да се доставaт бараните информации. Во врска со определување на рокот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги зема во предвид обемот и достапноста на информациите, како и сложеноста на барањето.
(4) Доколку Државниот инспекторат за животна средина во вршењето на редовен или вонреден инспекциски надзор констатира дека е исполнет некој од условите од ставот (1) на овој член е должен во рок од 15 дена за тоа да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина со образложение за настанатите услови.
(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина потребата од измена на А-интегрираната еколошка дозвола ја утврдува врз основа на сите достапни информации од мониторингот на инсталацијата и извештаите од инспекцискиот надзор, како и други неопходни информации, поради што ја споредува работата на инсталацијата со најдобрите достапни техники опишани во заклучоците за најдобрите достапни техники и нивото на емисии поврзано со нив.
(6) Операторот е должен да ги преземе сите потребни дејствија за да му ги обезбеди на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина сите податоци потребни за изменување на условите во дозволата. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина врши увид на инсталацијата, со цел да се утврдат условите за измена на дозволата од овој член.
(7) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина откако ќе ги утврди условите за измена на дозволата донесува решение за измена на дозволата.
(8) Решението од ставот (7) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(9) Во решението од ставот (7) на овој член се определува и временскиот период во кој операторот е должен да го усогласи работењето на инсталацијата со новите барања.
(10) Против решението од ставот (7) на овој член, операторот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението од ставот (7) на овој член. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(11) Жалбата од ставот (10) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(12) По исклучок од ставовите (8) и (11) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (7) на овој член и жалбата од ставот (10) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен редовно на секои седум години да ги проверува условите определени во дозволата и доколку е потребно да започне постапка за измена на дозволата согласно овој член.

Член 47

Измена на А-интегрирана еколошка дозвола по барање на носителот на дозволата

(1) Операторот на индустриската инсталација, односно постројката до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ќе поднесе барање за измена на дозволата, во следните случаи:
- кога планира значителна промена на дејноста или активноста;
- кога планира зголемување на капацитетот на дејноста или активноста кој го надминува прагот утврден во одредбата од член 16 ставовите (2) и (6) од овој закон;
- кога планира промена на технологијата или процес што ги применува, а кои можат да влијаат негативно врз животната средина и
- кога се донесени нови заклучоци за најдобрите достапни техники согласно член 44 од овој закон за дејностите или активностите што ги врши.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, барањето од ставот (1) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Барањето од ставот (1) од овој член задолжително треба да содржи информации за обемот и за начинот на кој ќе се извршуваат планираните промени во работењето и инсталацијата или постројката, за влијанието на истите врз животната средина или здравјето на луѓето, како и за нивната усогласеност со граничните вредности на емисија поврзани со заклучоците за најдобрите достапни техники или со референтните документи за најдобрите достапни техники, тогаш кога не постојат заклучоците за најдобрите достапни техники.

(5) Како промена на технологија или процес од став (1) алинеја 3 на овој член кои имаат негативни влијанија врз животната средина не се сметаат оние коишто:
- не ја зголемуваат потрошувачката на суровини или на енергија;
- не го зголемуваат количеството отпад што се создава при вршењето на дејноста или активноста и
- не го зголемуваат нивото на емисиите во животната средина.

(6) Во случај кога органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина врз основа на податоците доставени од операторот согласно ставот (2) на овој член ќе утврди дека промените од ставот (1) на овој член можат да предизвикаат поголемо негативно влијание врз животната средина од она што е опишано е должен од операторотда побара да достави дополнителни податоци, како и да го определи рокот на доставување на бараните податоци.

(7) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина издава нова А-интегрирана еколошка дозвола врз основа на

барањето доставено од операторот согласно ставот (2) на овој член. Новата А-интегрирана еколошка дозвола ги опфаќа сите делови на инсталацијата без разлика дали се под влијание на значителната промена или не.

Член 48
Постапка за изменување на А- интегрираната еколошка дозвола

(1) При донесувањето на решението за измена на дозволата согласно член 46 став (7) од овој закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да обезбеди примена на:
а) општите услови за издавање на А-интегрираната еколошка дозвола;
б) учеството на јавноста во постапката за издавање на А-интегрираната еколошка дозвола;
в) постапката за издавање на А-интегрираната еколошка дозвола и
г)постапката за утврдување на исполнетоста на барањата утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола.
(2)Во случаите од член 47 од овој закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ќе ја измени А-интегрираната еколошка дозвола согласно постапка за издавање на нова А-интегрирана еколошка дозвола.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го пропишува начинот за изменување на дозволата, формата и содржината на решението, како и начинот за учество на јавноста.

Член 49
Измена на А-интегрирана еколошка дозвола во случај на
незначителна промена и пренос

(1) По исклучок на член 48 од овој закон, операторот на индустриската инсталација, односно postројка должен е до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да поднесе заедничко барање од операторот кој ја пренесува дозволата и операторот кој ја презема дозволата (промена на сопственоста), односно да се изврши пренос на дозволата во скратена постапка од ставот (3) на овој член.
(2) Незначителни промени во А-интегрираната еколошка дозвола се:
1) промена на деталите за контакт на операторот;
2)промена на кодовите/имињата на хемикалиите што се користат во инсталацијата, но не и составот на истите;
3) промена на имињата на помошната опрема или нивниот број, но таквата промена да не предизвика промена во условите во дозволата и
4) други незначителни промени кои немаат влијание врз животната средина.
(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина доколку утврди дека се исполнети условите од ставовите (1) и (2) на овој член е должен во рок од 30 дена да донесе решение за измена на дозволата во скратена постапка. А-интегрираната еколошка дозвола електронски се доставува до операторот, градоначалникот на општината, општината во градот Скопје или градот Скопје на чие подрачје се наоѓа инсталацијата и до Државниот инспекторатот за животна средина.
(4) Во рок од седум дена од денот на издавањето на решението од ставот (3) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен истото да го објави на својата веб страна, како и да достави

копија од истото до градоначалникот на општината, општината во градот Скопје или градот Скопје на чие подрачје се наоѓа инсталацијата и до Државниот инспекторат за животната средина.
(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласната на животната средина го пропишува начинот на измена на А-интегрираната еколошка дозвола во скратена постапка во случај на незначителна промена и пренос.

Член 50
Одземање на А-интегрирана еколошка дозвола

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да ја одземе А-интегрираната дозвола.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува решение за одземање на А-интегрирана еколошка дозвола, во следните случаи:
а) на барање на операторот;
б)операторот кој три пати ги прекршил условите утврдени во А- интегрираната еколошка дозвола, што е утврдено со записник на Државниот инспекторат за животна средина;
в) извршил било каква промена во инсталацијата, без да добие дозвола од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;
г) активноста не ја врши во обем и во време утврдено во А-интегрираната еколошка дозвола;
д) стане евидентно дека доставил лажни информации што биле од значење при донесување на одлуката за издавање на А-интегрираната еколошка дозвола или доставил фалсификувани документи;
ѓ) загадувањето предизвикано од инсталацијата е од такво значење што предизвикало значително негативно влијание врз животната средина, здравјето на луѓето, благосостојба, имот и културното наследство и не може да се спречи без воведување на технолошко реструктуирање за кое е потребно издавање на нова А-интегрирана еколошка дозвола;
е) стечај или ликвидација на операторот како правно лице, кога работењето на инсталацијата не се продолжува под контрола на стечаен управник;
ж) евидентно е дека техниките што се користат во инсталацијата не дозволуваат да се постигне нивото на емисија поврзано со најдобрите достапни техники или нивото на емисија предвидено во заклучоците за најдобрите достапни техники;
з) во случај кога операторот не го платил годишниот надоместок во утврдениот рок согласно решението за утврдување на годишен надоместок и
ѕ) во случај кога инсталацијата пет години во континуитет не е оперативна.
(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина веднаш го известува операторот кој е носител на А-интегрираната еколошка дозвола, како и други надлежни органи од член 90 став (1) од овој закон за започнувањето на постапката за донесување решение за одземање на А-интегрираната еколошка дозвола, како и за причините поради кои се донесува решението.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува решение за одземање на А-интегрираната еколошка дозвола и истото го доставува до операторот кој е носител на дозволата.
(5) Решението  од ставот (4) на овој член може да биде може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно

прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Во решението задолжително се наведуваат причините поради кои се донесува решението за одземање на дозволата.
(7) Операторот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен односи инспекциски надзор во втор степен против решението од ставот (4) на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(8) Жалбата од ставот (7) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(9) По исклучок од ставовите (5) и (8) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (4) на овој член и жалбата од ставот (7) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(10) Носителот на А-интегрираната еколошка дозвола нема право на надоместок на штета настаната со одземањето на А-интегрираната еколошка дозвола.

Член 51
Обврска за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанокот на работата на инсталацијата

(1) Операторот на инсталацијата која поседува А-интегрирана еколошка дозвола, а кој има намера да престане со работа е должен 30 дена пред намерата за престанок со работа да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за намерата за престанок на работата на инсталацијата и во прилог на известувањето да достави предлог на план за престанок со работа на инсталацијата со предлог мерки за ремедијација на локацијата на која се наоѓа инсталацијата.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина доколку оцени дека предлогот на планот од ставот (1) на овој член со предложените мерки ќе обезбеди враќање на животната средина во задоволителна состојба ќе го одобри планот, во спротивно ќе предложи дополнителни соодветни мерки за заштита на животната средина од член 27 став (2) од овој закон.
(3) Операторот е должен да ги спроведе мерките на начин и во рок согласно состојбата утврдени во Основниот извештај од член 52 од овој закон.

Член 52
Подготовка на Основен извештај

(1) Доколку во вршењето на дејноста или активноста индустриската инсталација, односно постројката употребува, произведува или испушта опасни материи и/или супстанци во животната средина, како и доколку постои можност од истите да се загади почвата и подземните води на локацијата на инсталацијата, односно постројката операторот е должен да подготви Основен извештај и да го достави како пропратен документ заедно со барањето за А-интегрирана еколошка дозвола до органот на државната управа

надлежен за вршење на работите од областа на животната средина заедно со барањето за добивање на дозвола од член 28 од овој закон и секоја следна измена на дозволата. За постоечките инсталации, Основниот извештај се подготвува и доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина пред да се изврши измена/пренос на дозволата согласно член 46 став (1), член 47 став (1) и член 49 став (1) од овој закон или со изменување на А-интегрираната еколошка дозвола согласно член 46 став (13) од овој закон.
(2) Основениот извештај од ставот (1) на овој член е документ подготвен од операторот кој ги содржи информациите за загадување на почвата и подземните води со опасни материи пропишани во прописите за животна средина од ставот (2) на овој член.
(3) Основниот извештај мора да содржи, најмалку:
1) податоци за активностите спроведени за време на подготвувањето на извештајот идоколку е можно, за претходните активности на локацијата и
2) доколку има постојни податоци за мерења на загадување на почвата и подземните води кои ја покажуваат состојбата во моментот на подготовката на извештајот, а кога такви не постојат, тогаш се наведуваат податоци од нови мерења на загадување на почвата и подземните води со опасни супстанци и материи кои се употребени, произведени или испуштени во животната средина од индустриската инсталација, односно постројката.

Член 53
Затворање на инсталација

(1) По конечното престанување на дејностите или активностите на инсталацијата односно при затворање на инсталацијата, операторот ја проценува состојбата на загадување на почвата и подземните води од опасните материи што биле користени, произведени или испуштени од инсталацијата. Во случај дејноста да предизвикала загадување на почвата или подземните води во однос на состојбата опишана во Основниот извештај согласно член 52 од овој закон, операторот ги презема неопходните мерки за враќање на состојбата на животната средина согласно она што е опишано во Основниот извештај. При изборот на неопходните мерки утврдени во најдобрите достапни техники се зема во предвид нивната техничка изводливост.
(2) Доколку локацијата може да има значително негативно влијание врз животната средина, здравјето на луѓето, благосостојбата, имотот и културното наследство како резултат на дејностите или активностите опфатени во А-интегрираната еколошка дозвола и земајќи ја предвид идната употреба утврдена или одобрена по конечното престанување на дејностите или активностите, операторот е должен да спроведе неопходни мерки за грижа по конечниот престанок на дејностите или активностите за отстранување на опасни материи, контрола, задржување или нивно намалување во почвата:
а) ако од операторот се бара да изготви Основен извештај од член 52 став (1) од овој закон, но загадувањето на почвата или подземните води е предизвикано од дејност или активност дозволена со А-интегрирана еколошка дозвола пред првото разгледување на А-интегрираната еколошка дозвола за инсталацијата и
б) доколку операторот не е должен да подготви Основен извештај, но загадувањето на почвата и подземните води е предизвикано од дејностите или активностите што се дозволени со А-интегрирана еколошка дозвола.
(3) Мерките наведени во ставовите (1) и (2) на овој член обезбедуваат дека локацијата нема да има значително негативно влијание врз животната средина, здравјето на луѓето, благосостојбата, имотот и културното наследство земајќи ја предвид нејзината идна намена утврдена или одобрена по конечениот престанок на активностите. При избор на

мерките, операторот го зема предвид и описот на локацијата на инсталацијата вклучена во А-интегрираната еколошка дозвола.
(4) Операторот веднаш го известува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за резултатите од проценката спроведена согласно ставовите (1), (2) и (3) на овој член и спроведените мерки за грижа.
(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина има право да бара спроведување на стандарди за заштита на животната средина доколку мерките преземени од страна на операторот не обезбедат усогласеност со барањата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

Член 54
Надоместок за животна средина

(1) Операторите се должни да плаќаат надоместок за животна средина и тоа поради:
а) поднесување на барање за А-интегрирана еколошка дозвола;
б) поднесување на барање за измена или пренос на А-интегрираната еколошка дозвола;
в) за поседување на А-интегрирана еколошка дозвола, што се плаќа годишно и
г) за редовен надзор на инсталацијата во согласност со условите во А-интегрираната еколошка дозвола.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен најдоцна до 31 мај во тековната година да подготви и достави решение за износот на годишниот надоместок за изминатата година.
(3) Висината на надоместоците кои се плаќаат од операторите од ставот (1) на овој член ги определува Владата на Република Северна Македонија по предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(4) Определувањето на висината на надоместоците од ставот (2) на овој член се врши според бројот на местата на инсталацијата од кадешто се испуштаат емисии, бројот на задолжителни услови и мерки утврдени во дозволата, видот и обемот на емисиите во животната средина, како и според површината која ја зафаќа инсталацијата. Висината на надоместокот определена за секој индустриски сектор одделно, нема да биде пониска од 1000 денари или повисока од 9000 денари по број, вид, обем и површина по хектар.
(5) Средствата остварени преку надоместоците од ставот (1) на овој член се уплаќаат на уплатна сметка и се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

ГЛАВА V
ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ГОЛЕМИ ПОСТРОЈКИ ЗА СОГОРУВАЊЕ

Член 55
Предмет на уредување

(1) Одредбите од оваа глава се применуваат за согорувачки инсталации со номинален топлински влез еднаков или поголем од 50 MW, независно на типот на горивото што го користат (цврсто, течно или гасовито). Освен одредбите од оваа глава се применуваат и одредбите од главата IV од овој закон, кои се однесуваат на индустриските инсталации за кои е потребно издавање на А-интегрирана еколошка дозвола.
(2) Одредбите од оваа глава не се применуваат за инсталациите што директно ги користат производите од согорувањето во производствените процеси, како и за следните согорувачки инсталации:
а) инсталации во кои производите од согорувањето се користат за директно греење, сушење или за која било друга обработка на предмети или на материјали;

б) постсогорувачки инсталации, односно секоја техничка апаратура проектирана за прочистување на отпадните гасови од согорување што не работи како независна согорувачка инсталација;
в) постројки за регенерирање на катализатори од каталитички крекинг;
г) постројки за конверзија на суфурводород во сулфур;
д) реактори што се користат во хемиската индустрија;
ѓ) печки со коксни батерии;
е) каупери;
ж) секоја техничка апаратура што се користи за погон на возило, брод или на авион;
з) гасни турбини што се користат на крајбрежни платформи и
ѕ) инсталации кои користат било каков вид на цврст или течен отпад како гориво, различно од отпадот согласно член 7 точка 39) од овој закон или растителен отпад од прехранбената индустрија, кога произведената топлина се користи.

Член 56
Барања на агрегација

(1) Кога отпадните гасови од две или повеќе одделни согорувачки постројки се испуштаат во амбиентниот воздух преку заеднички оџак, комбинацијата формирана од такви постројки се смета за единечна согорувачка постројка и нивните капацитети се собираат со цел да се пресмета вкупниот номинален топлински влез.
(2) Кога две или повеќе одделни постоечки согорувачки постројки инсталирани на начин на кој нивните отпадни гасови би можеле да се испуштаат низ заеднички оџак, земајќи ги во предвид техничките и економските фактори, нивните отпадни гасови можат според процената на Стручниот орган да бидат ослободени преку заеднички оџак во амбиентниот воздух, комбинацијата формирана од такви постројки се смета за единечна согорувачка постројка и нивните капацитети се собираат со цел да се пресмета вкупниот номинален топлински влез.
(3) За да се пресмета вкупниот номинален топлински влез на комбинација на постројки за согорување од ставовите (1) и (2) на овој член нема да се земаат превид индивидуалните постројки за согорување со номинален топлински влез под 15 MW.

Член 57
Барања за висината на оџаците од согорувачките постројки

(1) Отпадните гасови од големите согорувачки постројки без оглед дали користат едно или повеќе горива, можат да се испуштаат во амбиентниот воздух само преку оџак, чија висина мора да биде пресметана, како и да биде изграден на начин на кој ќе се гарантира дека емисиите што се испуштени низ него не предизвикуваат негативно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето согласно најдобрите достапни техники.
(2) Висината на оџакот од ставот (1) на овој член треба да се утврди во студијата за оцена на влијанието врз животната средина односно елаборатот за животна средина која се изготвува согласно прописите од областа на животната средина.
(3) Доколку висината на оџакот не е утврдена во студијата, односно елаборатот од ставот (2) на овој член, операторот е должен при проектирањето на големата согорувачка постројка врз основа на пресметка и моделирање да осигура дека се постигнати барањата од ставот (1) на овој член согласно барањата утврдени во најдобрите достапни техники.

Член 58
Гранични вредности на емисии на отпадните гасови

(1) Операторите на големите согорувачки постројки се должни емисиите на отпадни гасови што се испушаат во животната средина да не ги надминуваат граничните вредности на емисија што се утврдени во дозволата определени во член 59 став (18) од овој закон.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во дозволата да ги утврди граничните вредности на емисија за големата согорувачка постројка, можното отстапувањето од граничните вредности, како и условите за работа на постројката кое е значајно заради утврдување и примена на граничните вредности на емисија согласно член 59 став (18) од овој закон.
(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, граничните вредности на емисија во дозволата ги утврдува за секоја голема согорувачка постројка одделно имајќи ја предвид дејностаи/или активноста што се врши, видот на горивото што се користи, природата на технолошкиот процес и неговите карактеристики, како и локацијата на постројката согласно член 59 став (18) од овој закон и граничните вредности на емисии за квалитет на воздухот пропишани во главата V од овој закон.

Член 59
Барања за примена на гранични вредности на емисија на отпадни гасови
во воздухот и отстапувања

(1) Барањата кои треба да се исполнат за примена на граничните вредности на емисија на отпадните гасови од големите согорувачки постројки согласно одредбата од ставот (16) на овој член и определени со одредбите од овој закон согласно видот на горивото што се користи, работните часови и условите во кои се врши дејноста или активноста.
(2) Операторот, во случај кога се настанати околности, кои се разликуваат од нормалните услови на работа на големата согорувачка постројка, може со посебно барање и/или во барањето за добивање на дозвола од член 28 од овој закон, да побара од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да одобри одредено временско отстапување од почитувањето на граничните вредности на емисија на отпадни гасови за период не подолг од шест месеци од денот на настанатите околности, кои се разликуваат од нормалните услови на работа на големата согорувачка постројка.
(3) Во барањето за временско отстапување од ставот (2) на овој член операторот е должен да ги образложи околностите заради кои го бара отстапувањето, причината за нивно настанување, мерките што ги превзел заради почитување на граничните вредности на емисиите, извештај за техничка оправданост на неможноста за усогласувањето со граничните вредности, како и други податоци од кои органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да оцени дека операторот од објективни причини (промена на горивото заради недостаток на пазарот на гориво што до тогаш се користело во постројката, користење на цврсти горива од домашно потекло поради чии карактеристики не може да се почитуваат граничните вредности на емисии на сулфур диоксид, староста и векот на траење и работење на постројката, значењето на постројката заради обезбедување на снабдување јавно добро или услуга како што е електрична и/или топлинска енергија, настанување на дефект на постројката, или други околности кои поради технологијата на постројката или суровината што се користи во ограниченото време од ставот (2) на овој член не може да се постигнат

пропишаните гранични вредности на отпадни гасови од член 58 став (2) од овој закон ) не е во можност да ги почитува граничните вредности.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен при одобрување на временското отстапување од граничните вредности на емисија од ставот (1) на овој член да ги земе предвид сите информации со кои располага, вклучително и состојбата со квалитетот на воздухот и животната средина на локацијата каде што се наоѓа или има влијание постројката.
(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина отстапувањето може да го одобри само за определен временски период во кој ги наведува условите за работа и дополнителните мерки што операторот треба да ги преземе заради намалување на емисиите на отпадни гасови што се испуштаат во животната средина.
(6) Кога отстапувањето е потребно, секогаш кога има недостаток на гориво со ниска содржина на сулфур на пазарот, за големи постројки за согорување што вообичаено користат такво гориво, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да одобри отстапување од граничните вредности за емисии на сулфур диоксид за период не подолг од шест месеци од денот на утврдувањето на недостатокот на горивото со ниска содржина на сулфур на пазарот, во кој случај Владата на Република Северна Македонија со одлука го утврдува недостатокот на гориво со ниска содржина на сулфур на пазарот.
(7) Кога отстапувањето е потребно, секогаш кога има ненадеен прекин на снабдувањето со гас, за големи постројки за согорување што вообичаено користат само гасовити горива и се принудени да преминат на други горива, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да одобри отстапување од граничните вредности за период не подолг од десет дена од денот на утврдувањето на ненадејниот прекин на снабдувањето со гас, но само доколку постројката има опрема за прочистување на отпадните гасови, во кој случај Владата на Република Северна Македонија со одлука го утврдува ненадејниот прекин на снабдување со гас.
(8) Кога отстапувањето е потребно заради користење на цврсти горива од домашно потекло поради чии карактеристики не може да се почитуваат граничните вредности на емисии на сулфур диоксид, тогаш големите постројки за согорување што користат такво гориво се должни да ја почитуваат минималната стапка на десулфуризација од ставот (16) на овој член.
(9) Кога отстапувањето е потребно заради староста и векот на траење на работење на постројката, операторот на големата постројка за согорување може да побара во писмена форма од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да му се одобри продолжување со работата на постројката без исполнување на граничните вредности определени согласно ставот (18) на овој член за не повеќе од 500 работни часови. Операторот на кој му е одобрено ова отстапување е должен до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина секоја година да поднесува извештај за бројот на работни часови за таа година.
(10) Кога отстапувањето е потребно заради обезбедување на јавно добро и /или услуга, како што е електрична и/или топлинска енергија, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги вклучува големите постројки од стратешко и енергетско значење за Република Северна Македонија во Транзициониот национален план согласно член 63 од овој закон.
(11) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да дозволи барањата за стапки на десулфуризација од ставот (16) на овој член да не се применуваат за постојните големи согорувачки постројки кои се вклучени во планот од член 76 став (4) од овој закон за одреден временски период при

што во дозволата ги наведува условите и часовите на работа на инсталацијата од ставовите (18) и (19) на овој член и граничните вредности на емисии утврдени во прописите за квалитет на воздух.
(12) Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, а во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на енергетиката, рударството и минералните суровини, со одлука ги определува големите согорувачки постројки од ставот (10) на овој член кои имаат стратешко и енергетско значење за Република Северна Македонија.
(13) Во врска со големите согорувачки постројки од ставот (12) на овој член Владата на Република Северна Македонија ќе ги земе предвид обврските на Република Северна Македонија преземени со договорот за членство во Енергетската заедница.
(14) Во случај на оштетување или дефект на опремата за прочистување на отпадните гасови, операторот на големата согорувачка постројка, во рок од 48 часа од моментот на настанување на дефектот, е должен за тоа да ги извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и Државниот инспекторат за животна средина.
(15) Во случаите од ставот (16) на овој член, доколку во рок од 24 часа од моментот на настанувањето на дефектот операторот не овозможи работа на постројката во нормален режим или доколку не започне да користи гориво кое има пониски емисии, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ќе побара од операторот соодветно да го намали капацитетот на работење или да прекине со работењето се до отстранување на дефектот. Вкупното времетраење на работа без опрема за прочистување на отпадни гасови и пареи не смее да надмине 120 часови во било кој период од 12 месеци.
(16) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина како дополнителни мерки за намалување на емисиите на отпадни гасови во животната средина може да побара од операторот да преземе претходно прочистување на горивото за постигнување на одредена стапка на десулфуризација, или дополнително прочистување на отпадните гасови или да ги ограничи работните часови на постројката во текот на денот или во определени временски периоди.
(17) Во случај кога Стучниот орган го определува отстапувањето, се раководи од условите утврдени со граничните вредности на емисија што се пропишани со овој закон, со прописите за квалитет на амбиентниот воздух и врз основа на ставот (18) на овој член.
(18) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува граничните вредности на емисии на отпадните гасови од големите постројки за согорување, околностите и мерките кои треба да бидат земени предвид за одобрување на отстапувањето од граничните вредности на емисија на отпадните гасови, како и начинот на доставување и одобрување на барањето од ставот (2) на овој член на операторот.

Член 60

Утврдување на посебни услови за работа согласно номиналниот топлински влез, калоричната вредност на домашното гориво и животниот век на големите согорувачки постројки

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, согласно одредбите од оваа глава за одредени постројки кои зависат од номиналниот топлински влез на големата согорувачка постројка, калоричната вредност на домашното гориво и присуството на влага, како и годината во која

постројката започнала со работа, односно нејзината старост, определува посебни услови за работа.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во случаите од ставот (1) од овој член може да ги ограничи работните часови и периодот во кој големата согорувачка постројка може да работи во текот на годината, денот и/или месецот, како и да определи доставување на извештаи за емисиите и за бројот на извршени работни часови.
(3) При определувањето на условите за работа во случаите од ставот (1) од овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ќе се раководи и од квалитетот на воздухот при определувањето на граничните вредности за сулфур диоксид, азотни оксиди и прашини во дозволата согласно член 59 став (18) од овој закон.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во случаите од ставот (1) на овој член ќе ги земе предвид и ќе определи посебни услови за работа за големите согорувачки постројки кои имаат започнато со работа пред 2005 година, за големите согорувачки постројки кои имаат интегрирана еколошка дозвола добиена согласно Законот за животната средина, како и за големите согорувачки постројки кои имаат стратешко и енергетско влијание за Република Северна Македонија определени согласно член 59 став (12) од овој закон.
(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина со прописот од член 59 став (18) од овој закон ги пропишува барањата со кои органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да ги ограничи работните часови на постројката согласно староста на постројката, како и начинот на доставување на извештаи од ставот (2) на овој член.

### Член 61
### Барања за мониторинг на емисиите на загадувачки материи во согорувачките постројки со номинален топлински влез еднаков на или поголем од 100 MW

(1) Големите согорувачки постројки со вкупен номинален топлински влез од 100 MW или повеќе, задолжително спроведуваат постојано мониторинг на отпадните гасови, за следните загадувачки материи :
1) сулфур диоксид;
2) азотен оксид;
3) сите големини на фракции на цврсти честички и
4) јаглерод моноксид.
(2) Содржината на јаглерод моноксид од став (1) точката 4) на овој член се мери од секоја посебна голема согорувачка постројка во случај кога се користи гас како гориво.
(3) Мерењата спроведени со континуираниот мониторинг од ставот (1) на овој член, треба да ги содржат параметрите на изворот на загадување како што се содржина на кислород, температура, притисок и содржина на водена пареа во емитираните гасови. Постојано мерење на содржината на водена пареа во емитираните гасови не е потребно ако примерокот се исуши пред да се анализира.
(4) Операторот на голема согорувачка постројка од овој член до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина доставува Извештај за резултатите од постојаниот мониторинг согласно условите предвидени во дозволата од главата V од овој закон.
(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да го ослободи операторот на голема согорувачка постројка од обврската за постојан мониторинг од ставот (1) на овој член и тоа од:

1) барањето за мониторинг на содржината на загадувачки материи наведени во ставот (1) на овој член, доколку животниот век на големата согорувачка постројка е помал од 10.000 работни часови;
2) барањето за мерење на сулфур диоксид и содржината на цврсти честички кога големата согорувачка постројка користи природен гас;
3) барањето за мерење на содржината на сулфур диоксид во случај на голема согорувачка постројка која користи течни горива со одредена содржина на сулфур каде што нема опрема за десулфуризација и
4) барањето за мерење на содржината на сулфур диоксид во гасовите ослободени од големи согорувачки постројки кои употребуваат биомаса, доколку операторот му докаже на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина дека содржината на сулфур диоксид во отпадните гасови во никој случај не ја надминува граничната вредност на емисијата утврдена во прописот од член 59 став (18) од овој закон, а согласно заклучоците за најдобрите достапни техники.
(6) Во случаите од ставот (4) на овој член, мерењата на загадувачки материи наведени во ставот (1) од овој член се вршат најмалку на секои три месеци или се користат методи на проценка на содржината на сулфур диоксид и азотни оксиди во отпадните гасови потврдени и одобрени од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(7) Големите согорувачки постројки од овој член што горат јаглен или лигнитсе должни емисијата на вкупна жива да ја мерат најмалку еднаш годишно.
(8) Континуираниот мониторинг, операторот е должен да го врши преку акредитирано правно лице за вршење на лабараториски истражувања и тоа со вршење на паралелни мерења согласно меѓународно или национално одобрени референтни методи најмалку еднаш годишно. Резултатите на паралелните мерења од проверката на автоматскиот систем за мониторинг, операторот ги доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(9) За големите согорувачки постројки на кои се применуваат барањата за стапка на десулфуризација на цврсто гориво, операторот е должен редовно да ја мери содржината на сулфур во горивото согласно најдобрите достапни техники.
(10) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина со прописот од член 59 став (18) од овој закон ги пропишува поблиските барања за спроведување на мониторинг на големите согорувачки постројки, формата и содржината на образецот и начинот на доставување на известувања и податоци од постојаниот мониторинг на големите согорувачки постројки.

Член 62
Мониторинг на емисиите во воздух

(1) Операторот е должен да изврши мониторинг на емисиите во воздухот за сите емисиони точки со фреквенција за период утврден согласно најдобрите достапни техники.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува техничките спецификации за мониторинг на загадувачите на воздухот.
(3) Инсталацијата и функционирањето на автоматската опрема за мониторинг се поставува согласно референтните документи за најдобри достапни техники и услови определени во А-интегрираната еколошка дозвола и се предмет на контрола на годишните надзорни тестови пропишани од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го пропишува начинот на утврдување на

локацијата на земањето примероци или точките на мерење кои ќе се користат за мониторинг на емисиите утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола.
(5) Сите резултати на мониторингот од страна на операторот се презентираат на начин кој ќе му овозможи на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да провери дали има усогласеност со условите на работење и граничните вредности на емисии наведени во А-интегрираната еколошка дозвола.

Член 63
Транзиционен национален план

(1) Постоечките големи постројки за согорување се опфаќаат во Транзициониот национален план кој може да биде донесен од страна на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животна средина со цел намалување на емисии во воздухот. За секоја постројка за согорување опфатена со овој план, истиот ги вклучува и емисиите на еден или повеќе од следните загадувачи: азотни оксиди, сулфур диоксид и прашина. За гасните турбини овој план ги покрива само азотните оксиди. Транзициониот национален план нема да ги опфати следните постројки за согорување:
а) постројките за кои се применува одредбата од член 55 од овој закон и
б) постројки кои во рамките на рафинерии користат, сами или со други горива, нискокалорични гасови од гасификацијата на преработените остатоци или од дестилацијата и преработката на остатоците од преработка на сурова нафта за сопствена потрошувачка.
(2) Постројките за согорување опфатени во овој план можат да бидат ослободени од усогласувањето со граничните вредности на емисии согласно член 59 став (1) и член 60 став (1) од овој закон, за загадувачите кои се предмет на планот или каде што е применливо поради обврската за почитување на стапките за десулфуризација.
(3) За секој од загадувачите што ги опфаќа, Транзициониот национален план поставува праг кој го дефинира максимумот на вкупни годишни емисии за сите постројки опфатени со планот врз база на вкупниот топлински номинален влез на секоја постројка, нивните годишни часови на работење и користењето на горивото, изразени за последните десет години на работење. Кога некоја постројка опфатена во Транзициониот национален план е затворена или повеќе не се регулира со одредбите од оваа глава, тоа не смее да доведе до зголемување на годишните емисии од останатите постројки опфатени со овој план.
(4) Транзициониот национален план содржи одредби за мониторингот и известувањето кои се во согласност со барањата за имплементација утврдени во член 62 од овој закон, како и мерките предвидени за секоја од постројките со цел да се обезбеди навремено усогласување со граничните вредности на емисиите утврдени во Транзициониот национален план.

Член 64
Технички правила за утврдување на условите во интегрираната еколошка дозвола за големи согорувачки постројки

(1) Со цел обезбедување на еднакви и јасни правила за утврдување на условите во дозволата, како и обезбдување на непристрасно постапување при утврдување на условите во дозволата раководејќи се од потребата за заштитата на животната средина и принципите определени во овој закон, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува

технички правила за утврдување на условите во дозволата за големите согорувачки постројки.
(2) Во правилата од ставот (1) на овој член, а согласно член 59 став (15), член 60 став (5) и член 61 став (10) од овој закон, се пропишуваат граничните вредности на емисија на големите согорувачки постројки согласно нивниот номинален топлински влез, старост на постројката, работните часови, видот на горивото или горивата што ги користи постројката, режимот на работа (нормален, дефект, стартување или запирање), мерките за спроведување на мониторинг на емисиите, начинотза оцена на усогласеноста со граничните вредности на емисија, минималната стапка на десулфуризација на горивото, начинот за оцена на усогласеноста со стапката на десулфуризација, формата и содржината на обрасците за доставување на извештаи за граничните вредности на емиии и резултатите од мониторингот, како и можните отстапки од граничните вредности на емисии или мониторинг на големата согорувачка постројка.
(3) Технички правила за утврдување на условите во интегрираната еколошка дозвола за големи согорувачки постројки може да се применат на дел од постројката за согорување со ограничен број на работни часови, при што тие гранични вредности се применуваат на емисиите од тој дел на постројката и се поставуваат согласно вкупниот номинален топлински влез на целата постројка за согорување.

Член 65

Постројки за согорување со повеќе горива

(1) Во случај кога големите согорувачки постројки истовремено користат две или повеќе горива, граничните вредности на емисија се одредуваат на следниот начин:
а) земајќи ја предвид граничната вредност на емисијата релевантна за секое поединечно гориво и загадувачката супстанца којашто одговара на вкупниот номинален термички влез на целата постројка за согорување,
б) граничните вредности на емисиите определени според видот на горивото, кои се добиваат како резултат со множење на поединечната гранична вредност на емисијаод термичкиот влез, определен во точката а) на овој став и делејќи го со резултатот добиен со множење од збирот на топлинските влезови произлезени од сите горива и
в) како збир на граничните вредности на емисиите определени според горивото.
(2) Во случај кога постројките за согорување со истовремено користење на две или повеќегорива користат и остатоци од дестилација и конверзија од рафинирањето на сурова нафта за сопствена потрошувачка, како самостојна суровина или со други горива, наместо граничните вредности на емисиите утврдени од ставот (1) на овој член, може да се применат следните гранични вредности на емисија:
а) кога за време на работата на постројката за согорување, соодносот што произлегува од детерминативното гориво,добиен од збирот на топлинските влезови кои се определени во сите горива е 50 % или повеќе од 50%, граничната вредност на емисијата се однесува на постројки од член 64 од овој закон;
б) кога соодносот што произлегува од детерминативното гориво добиен од збирот на топлинските влезови произлезени од сите горива е помал од 50%, граничната вредност на емисија се определуваат, согласно следните чекори:
- со преземање на граничната вредност на емисиите, релевантна за секое поединечно гориво и загадувачката супстанца што одговара на номиналниот внес на топлината на постројката за согорување;
- со пресметување на граничната вредност на емисијата на детерминативното гориво, која се добива со множење на граничната вредност на емисиите определена за тоа гориво согласно алинеја 1 на оваа точка, со фактор два, а од добиениот резултат се

одзема граничната вредност на емисијата на горивото што се користи како најниската гранична вредност на емисијата;

- со определување на граничната вредност на емисиите определена според горивото, која се добива со множење на граничната вредност на емисиите определена во алинеите 1 и 2 на оваа точка со термичкиот влез на горивото и со делење на резултатот, добиенсо множење од збирот на топлинските влезови кои произлегуваат од сите горива и
- како збир на граничните вредности на емисиите определени според горивото од алинеја 3 на оваа точка.

(3) Во случај кога постројките за согорување кои користат две или повеќе горива, а користат и остатоци од дестилација и конверзија од рафинирањето на сурова нафта за сопствена потрошувачка, како самостојна суровина или заедно со други горива, наместо граничните вредности на емисиите може да се применат просечните гранични вредности на емисиите за сулфур диоксид од член 58 и член 59 ставовите (1) и (18) од овој закон.

## ГЛАВАVI
## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ИНСТАЛАЦИИ ЗА ИНЦИНЕРАЦИЈА И КОИНЦИНЕРАЦИЈА НА ОТПАД

### Член 66
### Предмет на уредување

(1) Одредбите од оваа глава се применуваат на инсталации за инцинерација на отпад и коинцинерација на отпад во кои се инцинерира или коинцинерира цврст или течен отпад.

(2) За инсталациите за инцинерација и коинцинерацијана на отпад се применуваат одредбите од главата IV од овој закон, за задолжително поседување на А-интегрирана еколошка дозвола.

(3) За издавање на А-интегрираната еколошка дозвола задолжително се почитуваат барањата кои произлегуваат од одредбите на оваа глава.

(4) Инсталациите за инцинерацијаи коинцинерација на отпад ги опфаќа сите линии за инцинерација или линии за коинцинерација, примање на отпад, складирање, објекти за пред-третман во локацијата, отпад, системи за снабдување со гориво и воздух, котли, објекти за прочистување на отпадни гасови, објекти за прочистување на складираните остатоци или отпадната вода, оџаци, уреди и системи за контрола на операциите на инцинерација и коинцинерација, регистрирање и мониторинг на условите на инцинерација и коинцинерација.

(5) Одредбите од оваа глава не се применуваат на инсталациите за гасификација или пиролиза, доколку гасовите создадени од термички третман на отпад се прочистени до тој степен што веќе не претставуваат отпад пред нивното горење и може да создадат емисии кои не се повисоки од емисиите кои се резултат од горење на природен гас.

(6) Доколку за термален третман на отпадот се применуваат други процеси различни од оксидација, како што е пиролизата, гасификацијата или плазма процесот и во двата случаи инсталацијата за инцинерација на отпад или коинцинерација на отпад ќе ги вклучи термалните процеси на третирање, како и последователниот процес на инцинерација.

(7) Доколку коинцинерацијата на отпад се врши на таков начин што главната цел на инсталацијата не е производство на енергија или производството на материјални производи, туку термален третман на отпадот, инсталацијата ќе се смета како инсталација за инцинерација на отпад.

(8) Одредбите од оваа глава не се применуваат на следните инсталации кои користат, само:

1) радиоактивен отпад согласно прописите за јонизирачко зрачење и радијациона сигурност;

2) трупови на животни, доколку со нив се постапува во согласност со прописите за нуспроизводи од животинско потекло со кој се уредува категоризацијата,собирањето,превезувањето,отстранувањето, преработката, употребата и складирањето на нуспроизводи од животинско потекло од аспект на здравствената заштита на животните и ветеринарното јавно здравство;
3) отпад дефиниран согласно член 7 точка 45) од овој закон и
4) отпад кој настанува како резултат на истражување и експлоатација на нафтени и гасни ресурси од теренски инсталации и кој се согорува во тие инсталации.
(9) Одредбите од оваа глава не се однесуваат на постројки што се користат за истражување, развој и тестирање со цел да се подобри процесот на согорување и кои третираат помалку од 50 тони отпад годишно.

Член 67
Барање за интегрирана еколошка дозвола за работа на постројката инцинерација на отпад и коинцинерација на отпад

Освен барањето за А- интегрирана еколошка дозвола од член 28 од овој закон, барањето за дозвола за инсталациите за инцинерација на отпад и коинцинерација на отпад треба да содржи опис на предвидени мерки кои гарантираат дека ќе се исполнат, следните услови:
а) инсталацијата е проектирана, опремена одржувана и работи согласно условите од член 68 од овој закон, земајќи ги предвид категориите на отпад кои се инцинерираат или коинцинерираат;
б) топлината што се создава за време на процесот на инцинерација на отпад и коинцинерацијата на отпад, ќе се користи колку што е практично можно за производство на топлина, водена пареа или енергија;
в) остатоците кои се создаваат од работата на постројката ќе се сведат на најмало можно ниво во однос на количината и штетноста и доколку е можно ќе се обезбеди нивно рециклирање и
г) остатоците кои се создаваат од работата на постројката чие создавање не може да се спречи, намали или рециклира ќе се отстранат согласно прописите за управување со отпадот.

Член 68
Услови во интегрираната еколошка дозвола за инцинерација на отпад и коинцинерација на отпад

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во дозволата за постројката за горење или согорување на отпад е должен да ги вклучи и следните оперативни барања:
а) список на сите видови на отпад кои можат да се третираат, проследено со информации околу количината од секој вид на отпад;
б) вкупниот капацитет на инсталацијата за инцинерација или коинцинерација;
в) граничните вредности за емисии во воздух и вода;
г) условите за pH, темепратура и проток на испуштените отпадни води;
д) земање на примероци и процедури на мерење, фреквенцијата на мерењата кои ќе се користат за да се усогласат со условите поставени за мониторинг на емисиите и
ѓ) максималните дозволени периоди за секакви технички неизбежни застои, пречки или дефекти на уредите за прочистување или уредите за мерење, за време на кои емисиите во воздухот и испуштањето на отпадни води може да ги преминат пропишаните гранични вредности на емисии.

(2) Освен условите наведени во ставот (1) на овој член, дозволата издадена на инсталацијата за инцинерација на отпад или коинцинерација на отпад која користи опасен отпад го вклучува следното:
а) список на количини на различни категории на опасен отпад кој може да биде третиран и
б) минимален и максимален проток на масата од тој опасен отпад, неговите минимални и максимални топлински вредности и максималната содржина на полихролрирани бифенили, пентахлорофенол, хлор, флуор, сулфур, тешки метали и други загадувачки супстанци.

Член 69
Барања за инцинерација на отпад и коинцинерација на отпад

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен завршење на работите од областа на животната средина, пропишува:
1) минимални технички барања за заштита на животната средина кои треба да се исполнат од инсталациите за инцинерација и коинцинерација;
2) видови на отпад наменети за инцинерација или коинцинерација;
3) барања за заштита на животната средина од работата на инсталацијата за инцинерација или коинцинерација;
4) барања и начин на работа на инсталацијата;
5) барања од аспект на технички средства и опрема за вршење на активноста на инцинерација или коинцинерација и
6) барања, начин и програма за обука на вработените во инсталацијата.

Член 70
Известување

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги прави достапни за јавноста информациите околу функционирањето и следењето на инсталациите за инцинерацијана отпад и инсталациите за коинцинерација на отпад со номинален капацитет од два тони или повеќе на час, исто така ги прави достапни информациите околу извршувањето на процесот на инцинерација на отпад или коинцинерација на отпад и нивото на емисии во воздух и вода во споредба со граничните вредности на емисии од член 21 од овој закон со објавување на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина согласно рокот и начинот утврден во членовите 31 и 32 од овој закон.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина изготвува список на инсталации за инцинерација на отпад или инсталации за коинцинерација на отпад со номинален капацитет под два тони на час, и овој список ќе биде достапен за јавноста согласно член 24 од овој закон.

ГЛАВА VII
ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ИНСТАЛАЦИИ ОД ТИТАНИУМ ДИОКСИД ВО ИНДУСТРИЈАТА

Член 71
Предмет на уредување

(1) Одредбите од главата VII од овој закон се применуваат за инсталации од титаниум диоксид во индустријата (во натамошниот текст: инсталација за титаниум диоксид).

(2) Инсталацијата за титаниум диоксид од ставот (1) на овој член за вршење на својата дејност или активност е должна да поседува дозвола издадена согласно главата IV од овој закон.

Член 72
Забрана за отстранување на отпадот во водни тела

Во површински и подземни води забрането е инсталациите за титаниум диоксид да испуштаат:
1) цврст отпад;
2) матични раствори коишто произлегуваат од фазата на филтрација после хидролиза на раствор на титанил сулфат од инсталации кои го применуваат сулфатниот процес, вклучувајќи го и отпадот од киселините поврзан со таквите раствори, кој содржи повеќе од 0,5 % слободна сулфурна киселина и разни тешки метали, како и вклучувајќи такви видови на матични раствори кои биле разредувани се додека нивната содржина на слободна сулфурна киселина е 0,5 % или помалку;
3) отпад од инсталации кои применуваат хлориден процес кој содржи повеќе од 0,5% слободна хлороводородна киселина и разни тешки метали, вклучувајќи и таков отпад кој бил разреден се додека неговата содржина достигне 0,5% или помалку слободна хлороводородна киселина и
4) филтрирани соли,тиња и течен отпад коишто настанале од обработка (со концентрација или неутрализација) на отпадот од ставовите (2) и (3) на овој член и коишто содржат разни тешки метали, но не содржат отпад од неутрализација и филтрација, како и процедениот отпад којшто содржи само трагови на тешки метали и кој пред какво било разредување има pH вредност над 5,5.

Член 73
Контрола на гранични вредности на емисија

(1) Операторите на инсталации за титаниум диоксид се должни да ја спречат емисијата на киселински капки во амбиентниот воздух.
(2) Граничните вредности на емисиите во воздух од инсталациите не смеат да ги надминат граничните вредности на емисии од член 58 став (1) од овој закон.
(3) Граничните вредности на емисиите во вода не смеат да ги надминат граничните вредности на емисии од член 75 став (2) од овој закон.

Член 74
Мониторинг на емисии од инсталација за титаниум диоксд

(1) Барањата за мониторинг на емисија на отпадни гасови и отпадните води од инсталацијата за титаниум диоксид органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да ги определи во дозволата на начин со кој ќе се овозможи проверка на активностите на инсталацијата и нивна усогласеност со барањата за граничните вредности на емисија на загадувачки материи и супстанци утврдени во член 85 став (1) од овој закон.
(2) Операторот е должен да обезбеди континуиран мониторинг на отпадните гасови што се испуштаат во воздухот на одделни супстанци и материи во зависност од тоа кои хемиски процеси се применуваат во инсталацијата за титаниум диоксид.
(3) Мониторингот на емисиите во водата и воздухот се врши согласно најдобрите достапни техники.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина согласно став (1) на овој член подетално ги утврдува барањата за мониторинг на емисиите во вода и воздух што треба да се определат во дозволата за инсталациите за титаниум диоксид.
(5) Податоците од мониторингот од ставот (1) од овој член, операторот е должен да ги евидентира и чува најмалку три години, како и да ги направи достапни на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Член 75
Технички правила за утврдување на условите во интегрираната еколошка дозвола за инсталациите за титаниум диоксид

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува технички правила за утврдување на условите во интегрираната еколошка дозвола за инсталациите за титаниум диоксид, со цел обезбедување на еднакви и јасни правила за утврдување на условите во дозволата.
(2) Во правилата од ставот (1) на овој член, а согласно член 73 и член 74 став (3) од овој закон се пропишуваат граничните вредности на емисии во воздух и вода што се испуштаат од инсталациите за титаним диоксид, начинот на нивото мерење и пресметување, како и барања за мониториг на емисиите во воздух и вода што треба да се определат во дозволата за инсталациите кои произведуваат титаниум диоксид.

ГЛАВА VIII
ПОСЕБНИ БАРАЊА ЗА ИНСТАЛАЦИИТЕ КОИ УПОТРЕБУВААТ ОРГАНСКИ РАСТВОРУВАЧИ

Член 76
Предмет на уредување

(1) Одредбите од оваа глава се применуваат на инсталациите согласно член 16 став (3) од овој закон кои во вршењето на своите дејности или активности употребуваат органски растворувачи, вклучувајќи и растворувачи во составот на мешавините, кои се детално утврдени во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија од член 80 од овој закон, во кој инсталациите се определени согласно видовите на дејности или активности, годишните количини на органски растворувачи што се употребуваат во инсталациите,видот на производствени процеси и капацитети на инсталациите кои употребуваат органски растворувачи.
(2) Инсталациите кои употребуваат органски растворувачи се должни пред да започнат со вршењето на дејноста или активноста, да се регистрираат во Регистарот согласно член 19 од овој закон.
(3) Инсталациите од ставот (1) на овој член се должни емисиите на отпадни материи и супстанци, како и на фугитивните емисии во животната средина да ги испуштаат во согласност со граничните вредности на емисии утврдени во општите обврзувачки барања донесени согласно член 80 од овој закон.
(4) Инсталациите од ставот (1) на овој член заради намалување на емисиите треба да подготват план за намалување на емисиите на испарливи органски соединенија согласно член 85 став (2) од овој закон се со цел нивно сведување на исто и/или пониско ниво од граничните вредности на емисија утврдени во општите обврзувачки барања.

(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува активностите кои се поврзани со употребата на органските растворувачи и растворувачите во составот на мешавините.

Член 77
Регистрација на инсталации кои користат органски растворувачи

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е надлежен да изврши регистрација согласно член 19 од овој закон, како и да ја следи работата на инсталациите кои користат органски растворувачи.
(2) Операторот на инсталацијата согласно овој закон не смее да започне со работа доколку не поседува решение за регистрација во Регистарот од член 19 од овој закон издадено од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(3) Операторот на инсталација што употребува органски растворувачи од овој закон е должен до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да поднесе барање за регистрација на инсталацијата во Регистарот од член 19 од овој закон најдоцна 90 дена пред денот на започнувањето со работа.
(4) Барањето за регистрација во Регистарот од член 19 од овој закон се поднесува согласно член 78 став (1) од овој закон.
(5) Барањето од ставот (3) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) По исклучок од ставот (5) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, барањето од ставот (3) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(7) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето од ставовите (2) и (3) на овој член, треба да побара од операторот на инсталацијата да достави дополнителни информации кои се однесуваат на работата на инсталацијата, како и да определи рок за доставување на истите кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 60 дена.
(8) Во случаите од ставот (1) на овој член, операторот е должен да ги достави бараните информации во рокот определен во барањето. Во случај кога на операторот му е потребено повеќе време за доставување на информациите од ставот (5) на овој член, може од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да побара дополнителен рок од оној кој му е определен во барањето, поради што ги наведува причините за истото.
(9) Со доставување на дополнителните информации од операторот согласно ставот (5) на овој член, се смета дека барањето од ставовите (2) и (3) на овој член е комплетирано.
(10) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во рок од седум дена од денот на комплетирањето на барањето на операторот од ставот (7) на овој член да го објави барањето заедно со дополнителните информации на својата веб страна.

(11) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина треба да обезбеди барањето да биде објавено на веб страната најмалку осум дена пред да донесе решение согласно ставот (11) на овој член.
(12) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен не подолго од седум дена од денот на комплетирањето на барањето на операторот од ставот (7) на овој член да направи увид во инсталацијата и да провери дали податоците наведени во барањето од ставот (3) на овој член, се веродостојни, вклучително и дополнителните информации добиени од став (5) на овој член. За извршениот увид се составува записник.
(13) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот од ставот (11) на овој член да издаде решение за регистрација на инсталацијата во Регистарот од член 19 од овој закон или решение со кое го одбива барањето за регистрација.
(14) Решението од ставот (13) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(15) Против решението со кое се одбива барањето за регистрација од ставот (13) на овој член, операторот на инсталацијата може даподнесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(16) Жалбата од ставот (15) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(17) По исклучок од ставовите (14) и (16) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (13) на овој член и жалбата од ставот (15) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(18) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во рок од седум дена од денот на донесувањето на решението од ставот (11) на овој член, истото да го објави на својата веб страна.
(19) Решението од ставот (11) на овој член претставува составен дел на Регистарот од член 19 од овој закон.
(20) Во случај кога операторот планира да направи значајна измена во работата на инсталацијата е должен да поднесе барање за измена на регистрацијата во Регистарот од член 19 од овој закон, најмалку 60 дена пред да ја направи промената.
(21) Како значителна промена, доколку не е поинаку определено со овој закон или во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија, се смета онаа промена која доведува емисиите во воздухот, водите или бучавата да се зголемат за најмалку 20% од оние што биле предвидени со регистрацијата, или пак кога се врши промена на горивото или технолошкиот процес поради што отпадот што се создава е различен и/или спроведувањето на технилошкиот процес бара поинакви мерки за заштита на животната

средина од она што било предвидено со барањето за регистрацијата согласно членот 19 од овој закон.
(22) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на образецот на барањето за регистрација од ставот (1) на овој член, начинот на поднесување и постапувањето по истото во случај на регистрација, како и измената на решението за регистрацијата.
(23) Во случај на настаната измена во работењето на инсталацијата, односно постројката, постапката за изменување на решението за регистрација се спроведува согласно овој член и член 78 став (1) од овој закон.
(24) Доколку со промената, инсталацијата или постројката ги исполнува условите за инсталација или постројка која треба да поседува А-интегрирана еколошка дозвола во рокот определен во ставот (2) на овој член е должна да започне постапка за издавање на А-интегирана еколошка дозвола согласно член 32 од овој закон.

Член 78
Постапка за издавање на решение за регистрација и за измена на регистрацијата во Регистарот

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежна за вршење на работите од областа на животната средина поблиску го пропишува начинот на издавање на решението за регистрација и за измена на регистрацијата, со цел обезбедување на еднакви и јасни правила за спроведување на постапката за регистрација во Регистарот од член 19 од овој закон, по барањето за регистрација, раководејќи се од потребата за заштитата на животната средина и прописите донесени врз основа на овој закон.
(2) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(4) Со прописот од ставот (1) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на решението за регистрација од член 77 став (13) од овој закон, начинот на постапување и донесувањето на решението и учеството на јавноста, начинот на изменување на решението, формата и содржината на образецот на барањето за регистрација од член 77 став (3) од овој закон, начинот за поднесување и постапување по истото, формата и содржината на образецот на барањето од член 79 став (1) од овој закон, начинот на поднесување и постапување по истото, како и начинот на учество на јавноста во спроведувањето на постапката за регистрација.

Член 79
Бришење од Регистарот

(1) Операторот на инсталацијата што употребува органски растворувачи е должен до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната

средина да поднесе барање за бришење на инсталацијата од Регистарот од член 19 од овој закон, најдоцна 90 дена пред денот на затворањето со работа на инсталацијата.
(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето од ставот (1) на овој член е должен да побара од операторот на инсталацијата да достави дополнителни информации кои се однесуваат на влијанието од работата на инсталацијата да го дополни планот за затварање, ремедијација и грижа за животната средина по престанокот на работата на инсталацијата по затварањето со дополнително мерки, како и да определи рок за доставување на истите кој не може да биде помал од 15 дена, ниту подолг од 30 дена.
(4) Во случаите од ставот (2) на овој член, операторот е должен да ги достави бараните информации во рокот определен во барањето согласно член 77 став (3) од овој закон.
(5) Во случај кога на операторот му е потребено повеќе време за доставување на информациите од ставот (3) на овој член, може од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да побара дополнителен рок од оној кој му е определен во барањето, поради што ги наведува причините за истото.
(6) Со доставување на дополнителните информации од страна на операторот согласно ставовите (3) и (4) на овој член, се смета дека барањето од ставовите (1) и (2) на овој член е комплетирано.
(7) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен не подолго од седум дена од денот на комплетирањето на барањето на операторот согласно ставот (5) на овој член да направи увид во инсталацијата и да провери дали податоците наведени во барањето од ставовите (1) и (2) на овој член се веродостојни, вклучително и дополнителните информации добиени од став (3) на овој член. За извршениот увид се составува записник.
(8) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот од ставот (6) на овој член да издаде решение за бришење на инсталацијата од Регистарот од член 19 од овој закон.
(9) Решението од ставот (8) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(10) Во решението од ставот (8) на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го определува начинот на кој операторот е должен да известува за спроведувањето на Планот за затварање, ремедијација и грижа за животната средина по престанокот на работата на инсталацијата, како и може да му наложи на операторот да спроведе определени мерки кои имаат за цел намалување или спречување на влијанието врз животната средина.
(11) Против решението од ставот (8) на овој член, операторот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението од ставот (8) на овој член. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(12) Жалбата од ставот (11) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(13) По исклучок од ставовите (2), (9) и (12) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, барањето од став (1) на овој член, решението од ставот (8) на овој член и жалбата од ставот (11) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(14) Инсталацијата може да се избрише од Регистарот од член 19 од овој закон и со одлука на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, во случај на:

1) стечај или ликвидација на инсталацијата и
2) непочитување на условите за работа што се утврдени во општите обврзувачки барања констатирани од надлежениот инспектор за животна средина од главата VIII од овој закон.

(15) Решението од ставот (8) на овој член се евидентира во Регистарот од член 19 од овој закон.
(16) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен барањето и решението од ставовите (1) и (8) на овој член, да ги објави на својата веб страна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.
(17) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член, како и начинот на поднесување и постапување по истото.

Член 80

Општи обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија

(1) Инсталациите се должни своето работење да го усогласат со барањата за заштита на животната средина утврдени во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија.
(2) Општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија претставуваат барања за заштита на животната средина, како и на нејзините медиуми и области кои треба да се почитуваат и да се постапува по нив.
(3) Општите обврзувачки барања од став (1) на овој член, содржат:
1) опис на дејноста или активноста на која се однесува;
2) барања за работа и оперативни услови на инсталацијата;
3) барања за постапување со отпад;
4) барања за спречување на несреќи и инциденти;
5) барања при намалена работа или престанок со работа;
6) барања за одржување на опремата, како и на опремата за намалување на загадувањето на животната средина;
7) барања за спроведување на мониторинг во животната средина;

8) гранични вредности на емисии во медиумите и областите на животната средина;
9) барања и услови за отстапување од граничните вредности на емисија и начин на одобрување на отстапувањето;
10) критериуми за оценка на усогласеноста со граничните вредности на емисија;
11) рокови за почитување на граничните вредности на емисија, временски гранични вредности до постигнување на целосно почитување на условите;
12) барања за користење на одредени супстанци или материи, вклучително и органски растворувачи;
13) барања за доставување извештаи и анализи;
14) барања за грижа по затворањето на инсталацијата;
15) барања за утврдување на значителна промена во работата на инсталацијата поради ште е потребно промена на регистрацијата и
16) други прашања што се од значење за работата на инсталацијата а се поврзани со намалување на негативното влијание врз животната средина.
(4) Во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија се утврдува и рокот од кога истите започнуваат да се применуваат.

Член 81
Донесување на општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија

(1) Општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија согласно член 80 од овој закон ги донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на предлог на Стручниот орган.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да подготви нацрт на општи обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија, за инсталациите кои употребуваат органски растворувачи заради заштита на животната средина.
(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен нацрт на општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија да ги објави на својата веб страна, да ги достави до стопанските комори во Република Северна Македонија и до здруженијата или организациите на економскиот сектор, како и да определи рок од 30 дена во кој заинтересирана јавност може да достави свои мислења, забелешки и предлози.
(4) Заинтересираната јавност може во рок од 15 дена од денот на објавувањето на општите обврзувачки барања да побара од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да се одржи јавна расправа за истите.
(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во рамките на рокот од ставот (3) на овој член да организира јавна расправа за општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија, кога тоа ќе го побара најмалку една стопанска комора, здружение, односно организација на економскиот сектор.
(6) Стручниот орган е должен во рок од 30 дена од истекот на рокот од ставот (3) на овој член да изработи предлог на општи обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија

согласно член 80 од овој закон и истите да ги објави на својата веб страна, како и да изработи извештај од консултацијата со јавноста за мислења, забелешки или предлози, добиени од засегната јавност или добиени во текот на јавната расправа кои се прифатени или одбиени, како и образложение за истото.
(7) За општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија од ставот (6) на овој член стопанските комори, здруженијата, односно организацијата од економскиот сектор од ставот (5) на овој член, можат да дадат свое мислење во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(8) Стручниот орган од истекот на рокот од ставот (7) на овој член е должен општите обврзувачки барања да ги достави за донесување до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина заедно со добиените мислења од ставот (7) на овој член.
(9) Стручниот орган може во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија што ги доставил за донесување до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да ги интегрира мислењата добиени од ставот (7) на овој член кога смета дека е потребно и оправдано.
(10) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот, општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија од ставот (8) на овој член да ги пропише со донесување на подзаконски акт.

Член 82
Надоместок за регистрација

(1) Операторите на инсталациите се должни да плаќаат надоместок за регистрација во Регистарот од член 19 од овој закон:
- со поднесување на барање за регистрација и
- со поднесување на барање за измена на решението за регистрација.
(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член се плаќа еднократно со поднесување на барањето за регистрација и барањето за измена на решението за регистрација.
(3) Надоместокот за регистрација за инсталации кои употребуваат органски растворувачи изнесува 250 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.
(4) Надоместок за поднесување на барање за измена на решение за регистрација за инсталации кои употребуваат органски растворувачи изнесува 200 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.
(5) Надоместокот за надзор на инсталацијии кои употребуваат органски растворувачи изнесува 280 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија и операторот го плаќа најдоцна до 31 јануари во тековната година за надзорот извршен во претходната година.
(6) Надоместокот од ставот (5) на овој член се утврдува со решение издадено од службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за инсталациите кои употребуваат органски растворувачи согласно член 80 од овој закон.
(7) Решението од ставот (6) на овој член може да биде може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на

Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(8) Средствата добиени од надоместокот од ставот (1) на овој член се уплаќаат на уплатна сметка и се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.
(9) Операторот од ставот (1) на овој член може да поднесе жалба против решението од ставот (6) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(10) Жалбата од ставот (9) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(11) По исклучок од ставовите (7) и (10) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (6) на овој член и жалбата од ставот (9) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 83

Обврски на операторот на инсталација која употребува органски растворувачи

(1) Операторот на инсталација која употребува органски растворувачи е должен да ги преземе сите мерки, со кои ќе обезбеди:
а) усогласување на граничните вредности на емисија на испарливите органски соединенија во отпадни гасови определени согласно општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија од член 80 од овој закон за инсталациите кои употребуваат органски растворувачи, како и инсталации и граничните вредности на фугитивните емисии или граничните вредности на вкупните емисии и исполнување на другите барања согласно обврските определени во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија или
б) усогласеност со барањата кои произлегуваат од планот за намалување на емисиите на испарливи органски соединенија, пропишани согласно општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенијаза овие инсталации.
(2) Операторот од ставот (1) на овој член е должен да изработи план за намалување на емисиите на испарливи органски соединенија во рок и начин како што е пропишано во општите обврзувачки барања за овие инсталации, како и да го достави на одобрување до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во рок од 15 дена од денот на прием на планот од ставот (2) на овој член, доколку е потребно од операторот да побара дополнителни информации или да побара ревидирање на планот со вклучување на дополнителни мерки или активности, како и во зависност од комплексноста на барањето да определи рок за постапување кој не може да биде пократок од 30 дена ниту подолг од 90 дена.

(4) Операторот во случаите од ставот (3) на овој член е должен да ги достави бараните информациии/или да го измени планот согласно дополнителните мерки за заштита на животната средина или активностите во рокот определен во ставот (3) на овој член или да даде свое образложение доколку не се согласува со предложените мерки и активности.
(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на добивањето на информации од постапувањето на операторот согласно ставот (4) на овој член, е должен да го објави планот од ставот (2) на овој член на својата веб страна и да определи рок, кој не може да биде пократок од 15 дена, во кој заинтересираната јавност, како и општината, општините во градот Скопје и градот Скопје на чија територија се наоѓа инсталацијата, да даде свое мисење или забелешки.
(6) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен, во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот од ставот (5) на овој член, да донесе решение за одобрување на планот за намалување на емисиите на испарливи органски соединенија од ставот (2) на овој член за определена инсталација која употребува органски растворувачи, како и да го објави на својата веб страна.
(7) Решението од ставот (6) на овој член може да биде може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(8) Операторот од ставот (1) на овој член може да поднесе жалба против решението од ставот (6) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(9) Жалбата од ставот (8) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(10) По исклучок од ставовите (7) и (9) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (6) на овој член и жалбата од ставот (8) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(11) Одобрениот план од ставот (6) на овој член инсталацијата е должна да го објави на својата веб страна.

Член 84
Замена на опасни супстанци и препарати

(1) Операторот е должен во планот за намалување на емисиите на испарливи органски соединенија согласно член 81 став (2) од овој закон, да предвиди и спроведе мерки за да ги замени супстанците и/или препаратите кои поради нивната содржина на испарливи органски соединенија се класифицирани како канцерогени, мутагени или токсични за репродукција, и на кои им се доделени или треба да ги носат изјавите за опасност H340, H350, H350i, H360D или H360F или фразите за ризик R45, R46, R49, R60 или R61 во што е можно пократок рок и до максималниот можен волумен со помалку опасни супстанци или

препарати до степен колку што е технички и практично можно што е дефинирано во извештајот за хемиска безбедност на производот.
(2) За спроведувањето на обврската од ставот (1) на овој член, операторот на инсталацијата што користи органски растворувачи е должен еднаш годишно да достави извештај до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за видот и количината на органски растворувачи кои ги користел во претходната година, кои ги променил со растворувачи коишто имаат помали емисии и помалку опасни супстанци.
(3) Со извештајот од ставот (2) на овој член, операторот приложува и годишна програма за превземање на мерки за измена на супстанците и препаратите на органските растворувачи во наредните три години, кога постои веројатност дека ќе може да ги замени органските растворувачи со помалку опасни супстанци и помали емисии, доколку истите не се веќе вклучени во планот од ставот (1) на овој член.
(4) Во извештајот од ставот (2) на овој член, операторот ги приложува и упатствата за користење изготвени од страна на производителот на огранските растворувачи што ги употребил.
(5) Извештајот од ставот (2) на овој член кога е тоа потребно заедно со годишната програма од ставот (3) на овој член, операторот е должен да го достави најдоцна до 31 јануари во тековната година.
(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на извештајот од ставот (2) на овој член, начинот на неговото подготвување и доставување, како и формата и содржината на годишната програма од ставот (3) на овој член и начинот на нејзината подготовка и доставување.

Член 85

Гранични вредности на емисија за испарливи органски соединенија во отпадни гасови

(1) Граничните вредности на емисија на испарливите органски соединенија кои се испуштаат во воздух од инсталацијата (точкасти и фугитивни) при употреба на органски растворувачи се пропишани во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за инсталациите кои употребуваат органски растворувачи донесени согласно член 80 од овој закон.
(2) Отстапување од граничните вредности на емисија од ставот (1) на овој член е можно, доколку операторот му докаже на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина дека е технички и економски неизводливо да се постигнат граничните вредности на емисија од инсталацијата, на начин определен во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија, поради што органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да дозволи емисиите да ги надминат граничните вредности на емисија на испарливи органски соединенија, под услов да не се очекуваат значителни ризици по здравјето на луѓето и животната средина поради што операторот треба да му докаже на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина дека се користени најдобрите достапни техники.
(3) Во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за инсталациите кои употребуваат испарливи органски соединенија од член 80 од овој закон, се пропишуваат условите во кои може да се дозволи отстапување од граничните вредности на емисија од ставот (1) на овој член кои се однесуваат на можноста инсталацијата да работи во контролирани услови, користењето на опрема за намалување на емисиите, колчината и видот на органските растворувачи што се користат, режимот на работа,

вклучително и периодот на започување и исклучување на инсталацијата, бројот на дејности што се вршат во инсталацијата, техничките можности на инсталацијата, поврзани со нејзината старост и бројот на работни часови и локацијата, како и обврската кога операторот е должен да побара одобрување на отстапувањето од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(4) Операторот е должен да преземе мерки со кои ќе ги минимизира емисиите на испарливи органски соединенија за време на започнување со работа на инсталацијата и нејзино исклучување.
(5) Во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина од член 80 од овој закон за инсталациите кои употребуваат органски растворувачи, се пропишуваат и критериумите кои ќе се користат за оценка на усогласеноста со граничните вредности на емисија од ставот (1) на овој член на инсталацијата.

Член 86
Контрола на емисии од испарливи органски соедиенија во контролирани услови

(1) За да се заштити здравјето на луѓето и животната средина, операторот е должен да примени контролирани оперативни услови со цел да спречи емисија на органохалогени испарливи органски соединенија кои ги содржат фразите на ризик R40 или R68 или изјавите за опасност H31 или H351 или испарливи органски соединенија со изјави за опасност и фрази на ризик коишто се определени во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за инсталациите кои употребуваат органски растворувачи од член 80 од овој закон.
(2) Контролирани оперативни услови од ставот (1) на овој член претставуваат услови во кои инсталацијата работи на начин со кои испарливите органски растворувачи, коишто се ослободуваат поради вршењето на дејноста или активноста, се собираат и испуштаат на контролиран начин низ оџак или опрема за намалување наемисиите, поради што емисиите не стануваат во потполност фугитивни.

Член 87
Мониторинг на емисиите на испарливите органски соединенија

(1) Операторите на инсталациите кои употребуваат органски растворувачи се должни да вршат континуирани и/или периодични мерења на емисиите од инсталацијата во воздухот на начин како што е утврдено во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за овие инсталации согласно член 80 од овој закон.
(2) Во случај на започнување или исклучување од работа на инсталацијата што употребува органски растворувачи, операторот е должен да преземе превентивни мерки утврдени во најдобрите достапни техники кои имаат за цел намалување на емисиите во воздухот.
(3) За секое започнување или исклучување од работа на инсталацијата, како и превземените превентивни мерки од ставот (2) на овој член, операторот води евиденција. Операторот е должен евиденцијата еднаш месечно да ја доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и Државниот инспекторат за животна средина.
(4) Започнување или исклучување со/од работа на инсталација која употребува органски растворувачи се смета секоја постапката со која некоја активност, опрема или резервоар започнува или престанува со работа, односно се доведува во состојба на работа или мирување.
(5) Променливите услови за работа во поедини фази на работа на инсталацијата не се смета за започнување или исклучување.

(6) Операторот е должен да ги следи сите емисии што се испуштаат од инсталацијата, да зема примероци и да води евиденција за мониторингот во рамките на самата инсталација.
(7) Согласно општите обврзувачки барања операторот е должен до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да доставува податоци од мониторингот.
(8) По исклучок од ставот (7) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да побара операторот да достави известување и податоци, за:
- емисиите што се испуштаат од инсталацијата која употребува органски растворувачи, фугитивните емисии или вкупните емисии, како и нивната усогласеност со пропишаните граничните вредности на емисија на испарливи органски соединенија;
- степенот на исполнување на планот за намалување на емисиите на испарливи органски соединенија од член 81 став (2) од овој закон, и/или
- евентуални отстапувања што се утврдени со општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија, за работа на инсталацијата.
(9) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен во барањето од ставот (8) на овој член да определи рок за доставување на истите кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 60 дена.

Член 88

Значителни промени во инсталациите што употребуваат органски растворувачи

(1) Значителна промена на инсталацијата која употребува органски растворувачи се смета кога настанува промена на номиналниот капацитет на инсталацијата што предизвикува зголемување на повеќе од 25% од емисиите на испарливи органски соединенија во случај на инсталација со мал капацитет на работа и повеќе од 10% во случај на сите други инсталации, или друга промена која веројатно ќе има значително негативно влијание врз животната средина, здравјето на луѓето, благосостојбата, имотот и културното наследство.
(2) Номинален капацитет на инсталацијата значи максимална просечна количина на органски растворувачи што се употребуваат во еден работен ден при нормално функционирање на инсталацијата при инсталиран капацитет на истата.
(3) Определувањето на мала инсталација од ставот (1) на овој член се врши согласно критериумите утврдени во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за инсталациите кои употребуваат испарливи органски соединенија. Кога е настаната значителна промена на инсталацијата согласно овој член, операторот е должен да поднесе барање за промена на регистрацијата согласно член 78 од овој закон.
(4) Барањето од ставот (3) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, барањето од ставот (3) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Со поднесувањето на барањето од ставот (3) на овој член Стручниот орган согласно општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности поврзани со користење на испарливи органски соединенија од член 80 од овој закон ќе одреди дали делот на инсталацијата во кој се прави значителната измена ќе се смета како постојна или нова инсталација која употребува органски растворувачи.

## ГЛАВА IX
## ИНТЕГРИРАНИ ЕКОЛОШКИ ДОЗВОЛИ НА ЛОКАЛНО НИВО

### Член 89
### Б-интегрирана еколошка дозвола

(1) Операторите на индустриските инсталации од помал обем кои вршат дејности или активности утврдени во прописот од член 16 став (6) од овој закон, како и промени на постоечките дејности или активности, можат да ги вршат истите само по претходно добиена Б-интегрираната еколошка дозвола, издадена согласно условите утврдени во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности од помал обем (Б-инсталации) согласно член 18 од овој закон и прописите од областа на животната средина.
(2) Владата на Република Северна Македонија ги определува дејностите кои ги вршат индустриските инсталациите од помал обем за кои е потребна Б-интегрирана еколошка дозвола.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина поблиску го пропишува начинот на издавање, измена, целосен или делумен пренос на Б-интегрираната еколошка дозвола, барањата за престанок на активноста и барањата за одземање на дозволата.
(4) Доколку поинаку не е пропишано во оваа глава, во постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола соодветно се применуваат одредбите за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола од главата IV од овој закон.

### Член 90
### Органи надлежни за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола

(1) Надлежни органи за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, се:
а) градоначалникот на општината, односно општината во градот Скопје;
б) градоначалникот на градот Скопје и
в) органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, во случај кога инсталацијата се наоѓа во заштитено подрачје.
(2) Општините можат да формираат заедничка администрација за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи согласно прописите за меѓуопштинска соработка.

### Член 91
### Општи обврски на операторот

Операторот на индустриска инсталација која поседува Б-интегрирана еколошка дозвола своите активности ги врши на начин со кој ќе се обезбеди:
а) преземање на сите неопходни мерки за спречување на загадувањето;
б) да не предизвикува значајно загадување на животната средина и штетни последици по здравјето на луѓето;
в) спречување на создавање на отпад согласно прописите за управување со отпад;

г) постапување со создадениот отпад согласно хиерархијата за управување со отпад и во согласност со прописите за управување со отпад, односно ќе се овозможи негова повторна употреба, рециклирање или преработка илидоколку е технички и економски неизводливо ќе обезбеди негово отстранување на начин со кој ќе се избегне или намали било какво штетно влијание врз животната средина;
д) преземање на сите потребните мерки со кои ќе се избегнат несреќи и ќе се ограничат нивните последици и
ѓ) по престанок на работата на инсталацијата преземање на сите неопходни мерки со цел избегнување на секаков ризик од загадување, како и враќање на локацијата во задоволителна состојба.

Член 92
Барање за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола

(1) За издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола операторот поднесува барање до општината, општините во градот Скопје и градот Скопје зависно од седиштето на операторот или до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина доколку се работи за заштитено подрачје.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на барањето, како и начинот на кој се поднесува барањето и потребната документација која се приложува кон барањето кое се доставува во три примероци во писмена форма и три примероци во електронска форма.
(3) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје може да побараат од операторот да достави и дополнителни податоци за заштита на животната средина кои не се опфатени во барањето за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола, доколку дополнителните податоци ќе овозможат појаснување на одредени податоци во барањето согласно член 29 став (1) од овој закон.
(4) Во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да побара дополнување на барањето и во зависност од видот на недостатоците и достапноста на податоците, се определува рок за дополнување на барањето кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 90 дена од денот на приемот на барањето за дополнување во писмена форма.

Член 93
Постапување со барањето за Б-интегрирана еколошка дозвола

(1) Во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето согласно член 92 став (1) од овој закон, надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон со известување го информираат подносителот доколку се потребни дополнителни податоци од член 92 став (3) од овој закон, во рок кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 60 дена од денот на приемот на известувањето.
(2) Доколку операторот не постапи согласно член 92 став (3) од овој закон, надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон со решение го отфрлаат барањето како некомплетно.
(3) Решението од ставот (2) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина согласно член 92 став (4) од овој закон достави известување за дополнување на барањето, рокот потребен за издавање на Б-интегрираната еколошка дозвола започнува да тече од денот на приемот на барањето дополнето со податоците наведени во известувањето од ставот (1) на овој член.
(5) Против решението од ставот (2) на овој член операторот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(6) Жалбата од ставот (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(7) По исклучок од ставовите (3) и (6) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (2) на овој член и жалбата од ставот (5) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 94
Консултација во врска со барањето

(1) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон се должени во рок од пет работни дена од денот кога е комплетирано барањето, како и по изготвувањето на нацрт на дозволата да достават примерок од комплетното барање и нацрт на дозволата до:
- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и
- овластениот инспектор за животна средина на општината.
(2) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон во рок од 30 дена имаат право да доставаат во писмена или електронски форма мислења и забелешки во врска со барањето и нацртот на Б-интегрираната еколошка дозвола.

Член 95
Објава на барањето за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола

(1) Надлежните орган од член  90 став (1) од овој закон го објавуваат комплетното барање најмалку во два дневни весници достапни на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на неговата веб страна во рок од седум дена од денот на приемот на комплетното барање. Трошоците за објава во дневен весник се на товар на барателот.
(2) Објавата ги содржи следните податоци:
1) име, адреса и информации за контакт за подносителот на барањето, вклучувајќи и податоци на  лицето за контакт во врска со барањето;
2) целта на барањето;
3) назнака и вид на барањето за добивање дозвола;
4) адреса и број на катастарска парцела на инсталацијата;

5) краток опис на инсталацијата;
6) опис на активностите кои се вршат преку инсталацијата;
7) назнака дека барањето е достапно на веб страната на општината, на местото, постапките и рокот во кој јавноста може да го разгледа барањето и
8) начинот и постапката на кој јавноста може да го достави своето мислење во врска со барањето.
(3) Објавата од ставот (1) на овој член се врши во форма и големина согласно одредбите од овој член на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(4) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон во рок од 15 дена, истовремено со објавата на барањето, обезбедува и јавен пристап до целосното барање доставено од операторот, со исклучок на доверливите информации кои содржат деловни тајни означени како такви од страна на операторот, во електронска форма и во писмена форма, во просториите на општината во која се наоѓа инсталацијата, а доколку се работи за заштитено подрачје во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Пристапот ќе биде достапен за засегнатата јавност, вклучувајќи ги и граѓанските здруженија формирани со цел заштитата на животната средина.

Член 96
Одбивање да се издаде Б-интегрирана еколошка дозвола

(1) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон донесуваат решение со кое што се одбива барањето, ако:
а) начинот на кој се предлага да се вршат активностите може да предизвика штетни последици врз здравјето и животот на луѓето и врз животната средина;
б) доставеното барање не е во согласност со овој и со друг закон и прописите од областа на животната средина донесени врз основа на истите и
в) операторот не ги доставил потребните податоци на начин и во рок определен со известување согласно член 92 став (4) и член 93 став (3) од овој закон.
(2) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(3) Операторот може да поднесе жалба против решението од ставот (1) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(4) Жалбата од ставот (3) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(5) По исклучок од ставовите (2) и (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член и жалбата од ставот (3) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 97
Содржина на Б-интегрираната еколошка дозвола

(1) Б-интегрираната еколошка дозвола содржи податоци за операторот и инсталацијата, како и условите определени во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активностите од помал обем (Б-инсталации) од член 18 од овој закон и прописите од областа на животната средина кои операторот мора да ги исполни при работењето на инсталацијата согласно прописите донесени врз основа на овој закон.
(2) Условите кои операторот мора да ги исполни треба да бидат во согласност со општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активности од помал обем согласно член 18 од овој закон, како и прописите од областа на животната средина.
(3) Во дозволата од ставот (1) на овој член се наведуваат и обврските во однос на мониторингот на емисиите, определувањето на методите и зачестеноста на мерењата.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува видовите на загадувачките супстанци кои минимално треба да бидат земени предвид при определување на граничните вредности на емисија.
(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на Б-интегрираните еколошки дозволи.

Член 98
Издавање на Б-интегрираната еколошка дозвола

(1) Доколку надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон врз основа на комплетното барање, утврдат дека влијанието на работата на инсталацијата врз животната средина е во рамките на пропишаните граници и вредности, должни се да донесат решение со кое се издава Б-интегрираната еколошка дозвола во рок од 60 дена од денот на приемот на комплетното барањето согласно член 94 од овој закон.
(2) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(3) Против решението од ставот (1) на овој член донесено од надлежниот орган од член 90 став (1) од овој закон, операторот на инсталација има право да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(4) Жалбата од ставот (3) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(5) По исклучок од ставовите (2) и (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член и жалбата од ставот (3) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Жалба против решението од ставот (1) на овој член можат да поднесат засегнати правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степенво рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.
(7) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон се должени да водат регистар на Б-интегрирани еколошки дозволи за своето подрачје, како и да достават копија од секоја издадена Б-интегрирана еколошка дозвола до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(8) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, општината, општините во градот Скопје и градот Скопје водат и одржуваат регистар на издадени Б-интегрирани еколошки дозволи.
(9) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и начинот на водењето на регистарот од ставовите (7) и (8) на овој член, како и начинот на доставување на податоците за упис во регистарот.
(10) Кога покрај Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата се потребни добивање на други дозволи поврзани со користење и експлоатација на природни богатства, надлежните органи согласно член 90 став (1) од овој закон нема да ја издадат дозволата доколку инвеститорот не ги обезбеди потребните дозволи. Условите и мерките утврдени во другите дозволи соодветно се вградуваат во Б-интегрираната еколошка дозвола.
(11) Органот кој ја издал Б-интегрираната еколошка дозвола е должен да ги проверува условите утврдени во дозволата кога настанале измени во прописите од областа на животната средина, кои можат да влијаат врз работењето на инсталацијата.
(12) Надлежните органи согласно член 90 став (1) од овој закон се должени редовно, на секои седум години да ги провери условите утврдени со дозволата и доколку е потребно истите да ги промени.

Член 99

Измена на Б-интегрирана еколошка дозвола по службена должност

(1) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон ја ревидираат Б-интегрираната еколошка дозвола по службена должност, во следниве случаи:
- кога безбедноста во работењето на инсталацијата бара употреба на поинакви технологии;
- кога загадувањето на животната средина се зголемило до таа мера што предизвикува штетни последици по животот и по здравјето на луѓето и на животната средина, поради што е потребно промена на граничните вредности на емисии, односно условите утврдени во дозволата заради почитување на стандардите за квалитет на животната средина и
- при настанување на измени во прописите од областа на животната кои можат да влијаат врз работењето на инсталацијата.
(2) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон донесуваат решение за измена на Б-интегрираната еколошка дозвола.
(3) Решението од ставот (2) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(4) Операторот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15

дена од денот на приемот на решението од ставот (2) на овој член. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(5) Жалбата од ставот (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(6) По исклучок од ставовите (3) и (5) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (2) на овој член и жалбата од ставот (4) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(7) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон определуваат временски период во кој операторот е должен да го усогласи работењето на инсталацијата со барањата содржани во измената на Б-интегрираната еколошка дозвола. Зависно од обемот на измената, определениот временски период не смее да биде пократок од една година и подолг од четири години.
(8) Измената на Б-интегриранта еколошка дозвола или измената на условите на Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се изврши согласно постапка за издавање на нова Б-интегрирана еколошка дозвола.

Член 100

Измена на Б-интегрирана еколошка дозвола по барање на носителот на дозволата

(1) Носителот на дозволата е должен да го извести надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон за секоја измена во работата на инсталацијата. Известувањето задолжително треба да содржи информации за обемот и за начинот на кој се извршуваат планираните промени во работењето на инсталацијата, за влијанието на промените врз животната средина како и за податоците на мониторинг.
(2) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон во рок од еден месец утврдуваат дали измената од ставот (1) на овој член е значителна промена, имајќи ги предвид, следните критериуми:
а) секоја измена во природата или начинот на функционирање или проширувањето на инсталацијата се смета за значителна;
б) секоја измена која има влијание врз дополнителна компонента на животната средина (на пр.влијание врз нов медиум на животната средина) и
в)има измени во бројот на испустите,измена на параметрите на емисиите или начинот на нивното испуштање (вклучувајќи ги промената на локацијата или параметрите на уредите кои емитуваат или места на испуштања) или има зголемување на испуштените материи според вид или количина што води до:
- зголемување на видот и/или количината на емисиите во воздух, вода или почви за популацијата која е веќе под влијание на овие емисии и
- влијание врз додатно водно тело.
(3) Ако надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон утврдат дека промените од ставот (1) на овој член се значителни промени, од операторот се бара да достави барање за измена на дозволата. Барањето за измена на дозволата ги опфаќа деловите на инсталацијата и деталите врз кои може да влијае значителната промена.
(4) Барањето од ставот (3) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за

електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, барањето од ставот (3) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон издаваат нова Б-интегрирана еколошка дозвола врз основа на барањето доставено од операторот согласно ставот (3) на овој член. Новата Б- интегрирана еколошка дозвола ги опфаќа сите делови на инсталацијата, без разлика дали се под влијание на значителната промена или не.
(7) Измената на Б-интегриранта еколошка дозвола или измената на условите на Б-интегрираната еколошка дозвола се врши согласно постапка за издавање на нова Б-интегрирана еколошка дозвола.

Член 101
Пренос на Б-интегрираната еколошка дозвола

(1) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон можат да извршат делумен или целосен пренос на Б-интегрираната еколошка дозвола на новиот оператор.
(2) Во случај на било која промена на операторот, носителот на Б-интегрираната еколошка дозвола е должен веднаш да го извести надлежниот орган од член 90 став (1) одовој закон, како и да достави информации и докази за промената.
(3) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон ќе извршат делумен или целосен пренос на Б-интегрираната еколошка дозвола со издавање на нова дозвола на новиот оператор во рок од 30 дена од приемот на известувањето од ставот (2) на овој член.
(4) Во случај на измена на операторот на дел од инсталацијата за која се издава Б-интегрирана еколошка дозвола, надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон ќе го пренесат предметниот дел од Б-интегрираната дозвола на новиот оператор со издавање на нова Б-интегрирана еколошка дозвола.

Член 102
Одземање на Б-интегрирана еколошка дозвола

(1) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон донесуваат решение за одземање на Б- интегрираната еколошка дозвола, доколку:
а) загадувањето на животната средина достигнало ниво кое предизвикува сериозни последици врз здравјето на луѓето и животната средина;
б) операторот три пати ги прекршил задолжителните услови утврдени во Б-интегрираната еколошка дозвола што е утврдено со записник на овластен инспектор за животна средина на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје;
в) операторот извршил измени на инсталацијата без претходно да ги извести надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон и без да добие соодветна дозвола или
г) не го платил годишниот надоместок во определениот рок.
(2) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа

на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(3) Операторот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен против решението од ставот (1) на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(4) Жалбата од ставот (3) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронскта идентификација и доверливи услуги.
(5) По исклучок од ставовите (2) и (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член и жалбата од ставот (3) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Б-интегрираната еколошка дозвола ќе престане да важи:
а) со изминување на рокот на важење на дозволата и
б) дозволата е одземена согласно ставот (1) на овој член.
(7) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон го евидентираат престанокот на дозволата во регистарот за Б-интегрирани еколошки дозволи.
(8) За престанокот на важење на Б-интегрираната еколошка дозвола се применува одредбата од член 51 од овој закон.
(9) Носителот на Б-интегрираната еколошка дозвола нема право на надомест на штета којашто е претрпена како резултат на одземањето на Б-интегрираната еколошка дозвола.

Член 103

Обврска на носителот на Б-интегрирана еколошка дозвола за известување

(1) Носителот на Б-интегрираната еколошка дозвола е должен да ги извести надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон, и тоа:
- постојано за резултатите од мониторингот спроведуван согласно задолжителните условите од Б-интегрираната еколошка дозвола;
- веднаш, за секој дефект несреќа и/или хаварија што имале или би можеле да имаат значително влијание врз здравјето на луѓето, животната средина или на имотот и
- за секоја промена во работата на инсталацијата која може да има влијание врз животната средина, здравјето на луѓето и на имотот.
(2) Носителот на Б-интегрираната еколошка дозвола е должен до надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон до 31 март секоја година да поднесе годишен извештај за животната средина за примена на барањата од Б-интегрираната еколошка дозвола за претходната календарска година.
(3) Носителот на Б-интегрирана еколошка дозвола е должен да ги почитува сите услови определени во дозволата.

Член 104

Надоместоци

(1) Операторите на инсталациите од член 89 став (1) од овој закон се должни да плаќаат надоместок и тоа за :

- поднесување на барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола,
- поднесување на барање за измена или пренос на Б-интегрирана еколошка дозвола;
- за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола, која се плаќа годишно и
- за редовен надзор на инсталацијата, согласно условите во Б-интегрираната еколошка дозвола.

(2) Надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон се должени најдоцна до 31мај во тековната година да подготват и достават решение за износот на годишниот надоместок за претходната година во тековната година за поседување на Б – интегрирана еколошка дозвола.

(3) Владата на Република Северна Македонија ја пропишува висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите од ставот (1) на овој член, на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(4) Висината на надоместокот од ставот (2) на овој член се определува врз основа на бројот на местата на инсталацијата од кои се испуштаат емисии во животната средина, бројот на задолжителните услови и мерки утврдени во дозволата, видот и големината на емисиите во животната средина, како и врз основа на површината што ја зафаќа инсталацијата. Висината на надоместокот определена за секој индустриски сектор одделно, не може да биде помалку од 300 денари ниту повеќе од 3.000 денари по број, вид, големина и површина по хектар.

(5) Средствата добиени од надоместокот од ставот (1) на овој член се уплаќаат на посебна буџетска сметка, како приход на Буџетот на општината, односно како приход на Буџетот на градот Скопје, а се користат за покривање на трошоците за добивање, пренос или измени и контрола на Б-интегрираната еколошка дозвола.

(6) Средствата добиени од надоместокот од ставот (1) на овој член за Б-интегрирана еколошка дозвола во заштитено подрачје се уплаќаат на посебна сметка на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

## ГЛАВА X
## НАДЗОР И НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

### Член 105
### Надлежни органи за инспекциски надзор

(1) Надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Инспекцискиот надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот инспекторат за животна средина, преку државните инспектори за животна средина (во натамошниот текст: државни инспектори).

(3) За работите од надлежност на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, определени со овој закон, инспекциски надзор над примената и спроведувањето на овој закон го вршат овластени инспектори за животна средина на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје (во натамошниот текст: овластени инспектори за животна средина на општината).

### Член 106
### Делокруг на надзор на државниот инспектор и овластениот инспектор за животна средина на општината

Во вршењето на надзорот од својот делокруг, државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината врши увид и надзор:

1) дали операторот поседува А-интегрирана или Б-интегрирана еколошка дозвола и дали се исполнети условите определени во А-интегрираната или Б-интегрираната еколошка дозвола од член 32 став (1) и член 98 став (1) од овој закон и врши контрола врз работата на инсталацијата по однос на условите определени во интегрираната еколошка довола;
2) да утврди дали за време на важноста на А-интегрираната еколошка дозвола и пет години по истекот на важноста се чуваат сите документи и податоци во врска со барањето, издавањето и мониторингот предвиден со условите во А-интегрираната еколошка дозвола и дали се направени достапни по барање на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина или на Државниот инспекторат за животна средина согласно член 23 од овој закон;
3) да утврди дали се исполнуваат обврските за известување од член 23 на овој закон;
4) да утврди дали е доставено барањето за дозвола за усогласување со Оперативниот план во пропишаниот рок од член 30 од овој закон;
5) да утврди дали емисиите на супстанците определни во дозволата за усогласување се испуштаат согласно определените гранични вредности од член 21 од овој закон;
6) да утврди дали е доставено известување за присуство на опасни супстанци и дали е тоа сторено во определениот рок од член 70 став (2) од овој закон;
7) да изврши увид и контрола и да утврди дали е известен надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон, веднаш за настанатата хаварија и дали му се доставени, веднаш штом станале достапни, податоците за околностите во кои се случила несреќата, опасните супстанци кои се присутни, податоците кои се потребни за проценување на последиците од несреќата по здравјето на луѓето и по животната средина, како и за преземените вонредни мерки и
8) да утврдува и други состојби заради обезбедување на спроведување на овој и друг закон.

Член 107
Опомена

(1) При вршење на инспекциски надзор доколку државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината констатира неправилност од помал обем која како таква е пропишана во прописите од областа на животната средина, со решение определува мерка опомена, во кое е определен рокот во кој треба да се отстранат недостатоците и неправилностите.
(2) Доколку инспекторот од ставот (1) од овој член утврди дека субјектот не постапил во дадениот рок, со решение изрекува друга инспекциска мерка согласно членот 39 од Законот за инспекциски надзор од животната средина и прописите од областа на животната средина.

Член 108
Донесување на решение од страна на државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината

(1) За време на спроведување на инспекциски надзор, државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината е задолжен врз основа на решение, да:
- ја ограничи или забрани работа на субјектот на надзор, доколку оцени дека постројки или инсталации заради штетните дејности се опасни за здравјето и животот на луѓето и предизвикуваат загадување или деградација на животната средина;

- ја ограничи или забрани работа на правното или физичкото лице кое не успеало да ги исполни условите определени во интегрираните еколошки дозволи, се до нивно исполнување,во рок од 90 дена, во кој рок треба да се отстранат предизвикувачите на настанатата состојба;
- да го задолжи субјектот на надзор да преземе мерки кои се потребни за исполнување на условите определени во интегрираната еколошка дозвола;
- да го задолжи субјектот на надзор да спроведемониторинг на загадувањето на животната средина во рок од 90 дена во случај на појава на загадување во близина на објектот на правното или физичкото лице, каде што се врши активноста за која се претпоставува дека загадува;
- да ја ограничи или забрани работа на субјектот на надзор доколку не му е издадена интегрирана еколошка дозвола се додека не се елиминираат условите кои довеле до таа ситуација и
- да ја ограничи или забрани работа на субјектот на надзор доколку во животната средина испуштаат емисии кои ги надминуваат емисиите пропишани со закон или пропис донесен врз основа на закон и/или емисии определени во интегрираните еколошки дозволи во рок од 90 дена, во кој рок треба да се елиминираат условите кои довеле до таа ситуација.

(2) Ако за време на вршењето на инспекциски надзор, државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината утврди дека субјектот на надзор не се придржува кон законите од областа на животната средина и другите прописи донесени врз основа на законите, техничките прописи, стандардите и други општи акти врз основа на кои е издадена А-интегрирана еколошка дозвола или Б-интегрираната еколошка дозвола, нерегуларностите сенаведуваатсо записник ќе ги констатира утврдените неправилности и во решението ќе го определи рокот во кој треба да се отстранат.

(3) За доведување на животната средина во претходна или задоволителна состојба од ставот (1) на овој член, државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината, мерките за отстранување на штетните последици што настанале со загадувањето или со деградација на животната средина и на природата може да ги определи во соработка со органот надлежен за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола или Б- интегрирана еколошка дозвола.

(4) Ако за време на спроведување на инспекциски надзор, државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината утврди дека рокот определен во решението од ставот (1) на овој член не е доволен за да може правното и физичкото лице да преземе мерки за да се усогласи со законите од областа на животната средина и другите прописи донесени врз основа на законите, техничките регулативи, стандардите или другите општи актиможе да определи дополнителен рок кој не смее да биде подолг од 120 дена во споредба со рокот од ставот (1) на овој член.

(5) Државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината ќе издаде усна наредба за итна и неодложна елиминација на утврдените недостатоци доколку утврди директна опасност по здравјето и животот на луѓето. Државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината, оваа усна наредба ќе ја евидентира со записник во соработка со Државниот санитарен и здравствен инспекторат и ќе ги информира другите надлежни инспектори или другите државни органи за утврдените нерегуларности и од нив ќе побара интервенција.

(6) Доколку утврдените нерегуларности од ставот (5) на овој член претставуваат опасност за животната средина, здравјето и животот на луѓето, државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината ќе издаде усна наредба со којашто непосредно ќе ја забрани работата на инсталацијата, објектот, постројката, уредот, како и употребата на сите средства и опрема за вршењето на дејноста.

(7) Во случаите од ставот (6) на овој член државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината ќе издаде решение во рок од 48 часа од давањето на усната наредба.
(8) Трошоците за чување и складирање на одземената опрема, производите, уредите и апаратите кои се извор на загадување или деградација на животната средина ќе се сносат од страна на лицетоод којашто биле одземени истите.
(9) Државниот инспектор, односно овластениот инспектор за животна средина на општината ќе издаде потврда за повремено одземање на конфискуваните предмети од став (1) на овој член.
(10) Предметите ќе се одземат и со нив ќе се постапи согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*).
(11) Редовниот надзор над инсталацијата утврден во интегрираната еколошка дозвола се спроведува од страна на државен инспектор, а по потреба и со присуство на службено лице од Стручниот орган.
(12) За определени работи за кои согласно со одредбите во овој или друг закон се утврдени како надлежност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, државниот инспектор може да врши надзор и над инсталациите со Б-интегрирани еколошки дозволи, како и над објектите кои вршат други активности и дејности.

Член 109
Надзор над законитоста на работата на органите на општината

(1) Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје ќе се врши согласно начелата на законитост, одговорност и независност во остварувањето на нивните надлежности.
(2) Надзорот од ставот (1) на овој член ќе се врши од страна на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(3) Надзорот над работата на органите на општината, односно на општините на градот Скопје и градот Скопје извршен од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го вклучува, следното:
1) дали општините и градот Скопје ги исполниле условите за издавање на Б- интегрирани еколошки дозволи;
2) дали градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје водат регистар за издадени Б-интегрирани еколошки дозволи во нивните општини и дали доставуваат примерок од истиот до Стручниот орган;
3) дали се исполнети условите во дозволата согласно член 97 став (2) од овој закон и
4) дали општината, односно општините на градот Скопје издаваат Б-интегрирани еколошки дозволи на начин и под услови и според постапката пропишани со овој закон.
(4) За преземените мерки и активности од ставот (3) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го информира органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа.
(5) За време на вршењето на работите од ставот (3) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје да им достави укажување и да им определи рок во кој треба да ги отстранат констатираните недостатоци во остварувањето на нивната надлежност.

Член 110
Одземање на извршување на надлежност

(1) Доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности, органите во општината, во општините на градот Скопје и во градот Скопје не го обезбедат извршувањето на работите кои со овој закон се определени како нивна надлежност и за чиешто извршување се одговорни општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина со решение ја одзема соодветната надлежност, а вршењето на тие работи го презема органот на државната работа надлежен за работите од областа на животна средина, кои ги спроведува преку Стручниот орган, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.
(2) За преземањето на работите од ставот (1) на овој член се известуваат органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите

ГЛАВА XI
ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 111
Прекршоци од I категорија

(1) Глоба во износ од 6.000 до 7.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 13.000 до 14.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, 37.000 до 41.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 62.000 до 69.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе му се изрече за прекршок на правно лице, односно 2.000 евра во денарска противвредност за трговец поединец, доколку:
- не го информирал веднаш органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и Државниот инспекторат за животна средина, односно овластениот инспектор за животна средина на општината во случај ако има прекршување на почитување и постапување по барањата дадени во А-интегрираната еколошка дозвола, односно во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активностите од помал обем (Б инсталации) согласно член 18 став (2) од овој закон;
- не ги чува сите документи и информации во врска со работењето на инсталацијата или постројката, а кои се однесуваат на барањето за издавање на интегрираната еколошка дозвола или регистрација, издавањето на интегрираната еколошка дозвола или решението за регистрација, резултатите од мониторингот, како и документите од инспекцискиот надзор за период од најмалку десет години од денот на нивното издавање, односно најмалку десет години по престанокот на работа на инсталацијата или постројката и не овозможува достапност на овие документи до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина или Државниот инспекторат за животна средина и на нивно барање не ги доставува сите потребни податоци и информации со кои располага, а се поврзани со работата на инсталацијата или постројката од член 23 ставовите (1), (2) и (3) од овој закон;
- не го известил во рок од 30 дена органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за намерата за престанок на работата на инсталацијата и во прилог на известувањето не доставил предлог план за престанок со работа на инсталацијата со предлог мерки за ремедијација на локацијата на која се наоѓа инсталацијата од член 51 став (1) од овој закон;

- не подготвил Основен извештај и не го доставил до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во определено време согласно член 52 од овој закон;
- инсталациите кои употребуваат органски растворувачи не се регистрирале во Регистарот од член 19 од овој закон пред да започнат со вршење на дејноста или активноста;
- инсталациите кои користат органски растворувачи не се регистрирале во Регистарот од член 19 од овој закон пред да започнат со вршење на дејноста или активноста пред значајната измена од член 78 став (2) од овој закон;
- инсталациите кои употребуваат органски растворувачи од член 83 став (1) од овој закон, кои направиле промена на инсталацијата или постројката која треба да поседува интегрирана еколошка дозвола во рок од најмалку 60 дена пред да ја направи промената не започнала постапка за издавање на на А-интегрирана еколошка дозвол од член 32 од овој закон;
- инсталациите кои користат органски растворувачи не поднеле барање за бришење на инсталацијата од член 79 од овој закон од Регистарот од член 19 од овој закон во рок од 90 дена од денот на затворањето на инсталацијата;
- инсталациите кои употребуваат органски растворувачи не доставиле извештај еднаш годишно до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за видот и количината на органските растворувачи кои ги користел во претходната година, кои ги променил со растворувачи кои имаат помали емисии и помалку опасни супстанци од член 84 став (2) од овој закон;
- носителот на дозволата не ги известил надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон за измена во работата на инсталацијата, со информации за обемот и за начинот на кој се извршуваат планираните промени во работењето на инсталацијата за влијанието на промените врз животната средина како и за податоците на мониторинг од член 103 став (1) алинеја 1 од овој закон;
- во случај на било која промена на операторот, носителот на издадената Б-интегрирана еколошка дозвола не ги извести надлежните органи од член 90 став (1) од овој закон и не доставил информации и докази за промената согласно член 103 став (3) алинеја 3 од овој закон и
- носителот на Б–интегрираната еколошка дозвола не го известува редовно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(2) Глоба во износ од 350 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 700 евра во денарска противвредност кај мали трговци, 2.000 евра во денарска противвредност кај средни трговци и 3.500 евра во денарска противвредност кај големи трговци ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) За прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член пркршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(5) Надлежен орган за прекршоците од став (3) на овој член е Прекршочната комисија формирана согласно со Законот за животната средина.

(6) Доколку дејствијата од ставот (1) на овој член предизвикуваат голема штета за животната средина и човечкото здравјеќе се изрече глоба пропорционална со нивото на предизвиканата штета, но не повисока од три пати глоба од износот утврденво ставот (1) на овој член.

(7) Доколку постои опасност правното лице од ставот (1) на овој член да изврши повторен прекршок кој е опасен по животот и здравјето на луѓето, надлежниот суд може да изрече прекршочна санкција со привремена забрана за вршење на одделна дејност со времетраење од три месеци до две години од денот на правосилноста на одлуката.

Член 112
Прекршоци од II категорија

(1) Глоба во износ од 9.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 18.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 53.000 до 59.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 88.000 до 98.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе му се изрече за прекршок на правно лице, односно 3.000 евра во денарска противвредност за трговец поединец, доколку:
- не го информирал органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и Државниот инспекторат за животна средина, односно овластениот инспектор за животна средина на општината, како и надлежните органи за заштита и спасување во случај на хаварии и несреќи од член 17 став (1) алинеја 1 од овој закон;
- не започнал веднаш да презема мерки со кои ќе се обезбеди усогласеност со условите во дозволата во што е можно пократок рок во случај ако има прекршување на почитување и постапување по барањата дадени во интегрираната еколошка дозвола, односно во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина за активностите од помал обем (Б -инсталации) од член 18 став (2) точката б) од овој закон и/или не го известил органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, општината, општината во градот Скопје, градот Скопје и Државниот инспекторат за животна средина, односно овластениот инспектор за животна средина на општината за преземените и спроведените мерки од член 90 став (1) од овој закон;
- не спроведува мониторинг на емисиите што се испуштаат во животната средина на начин како што е определено во барањата пропишани во интегрираната еколошка дозвола, која е во согласност со прописите со кои се уредува одделната област или медиум на животната средина, прописите донесени врз основа на овој закон и заклучоците за најдобрите достапни техники од член 44 од овој закон;
- инсталациите за титаниум диоксид не обезбедуваат континуиран мониторинг на отпадните гасови што се испуштаат во воздухот на одделни супстанци и материи во зависност од тоа кои хемиски процеси се применуваат во инсталацијата од член 74 став (2) од овој закон;
- инсталациите кои употребуваат органски растворувачи од член 87 став (1) од овој закон , поради намалување на емисиите не подготвиле план за намалување на емисиите на испарливи органски соединенија од член 76 став (4) од овој закон се со цел нивно сведување на исто и/или пониско ниво од граничните вредности на емисија утврдени во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина и
- не превзел мерки со кои ќе ги минимизира емисиите на испарливи органски соединенија за време на започнување со работа на инсталацијата и нејзино исклучување од член 85 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 1.000 евра во денарска противвредносткај мали трговци, 3.000 евра во денарска противвредност кај средни трговци и 5.000 евра во денарска противвредност кај големи трговци ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба од 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) За прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(5) Доколку со прекршокот од ставот (1) на овој член настане голема штета по здравјето и животот на луѓето и животната средина, може да се изрече глоба пропорционална на предизвиканата штета, но не повисока од пет пати од износот утврден во ставот ( 1) на овој член.

(6) Доколку постои опасност дека правното лице од ставот (1) на овој член изврши повторен прекршок кој е опасен по човечкиот живот и здравје, може да се изрече дополнително забрана за вршење на одделна дејност во траење од најмалку три месеци, а не подолго од две години, од денот на правосилноста на одлуката.

Член 113
Прекршоци од III категорија

(1) Глоба во износ од 13.000 до 14.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 25.000 до 28.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 76.000 до 84.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 126.000 до 140.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе му се изрече за прекршок на правно лице односно 4.000 евра во денарска противвредност за трговец поединец доколку:

- не превземе итни мерки за ограничување на последиците од несреќи и хаварии во животната средина и спречување на можни понатамошни несреќи и хаварии од член 17 став (1) алинеја 2 од овој закон;
- не ги сведе емисиите во воздухот, водата или почвата, како и нивоата на бучавата, што се испуштаат од вршењето на дејноста или активноста во рамките на граничните вредности што се определени во прописите со кои се уредува одделната област или медиум на животната средина според овој закон и/или прописите донесени врз основа на овој закон, заклучоците за најдобрите достапни техники, како и/или согласно барањата пропишани во интегрираната еколошка дозвола од член 21 од овој закон;
- не спровел неопходни мерки за грижа по конечниот престанок на дејностите или активностите за отстранување на опасни материи, контрола, задржување или нивно намалување во почвата по конечното престанување на дејностите или активностите;
- инсталациите за титаниум диоксид вршат испуштање во површински и подземни води спротивно на член 75 став (2) од овој закон;
- инсталациите за титаниум диоксид постапуваат спротивно на член 75 од овој закон и
- инсталациите кои употребуваат органски растворувачи ги испуштаат емисиите на отпадни материи и супстанци како и на фугитивните емисии во животната средина спротивно на граничните вредности на емисија утврдени во општите обврзувачки барања за заштита на животната средина од член 80 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 1.500 евра во денарска противвредност кај мали трговци, 4.000 евра во денарска противвредност кај средни трговци и 7.000 евра во денарска противвредност кај големи трговци, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од став (1) на овој член.

(3) За прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член пркршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(4) Доколку со прекршокот од ставот (1) на овој член настане поголема штета по животот и здравјето на луѓето и животната средина, изречените глоби можат да бидат пропорционални со предизвиканата штета, но не повисоки од седум пати од износот од ставот (1) на овој член.

(5) За прекршокот од ставот (1) на овој член, на правното лице од ставот (1) од овој член може да му се изрече дополнително забрана за вршење на одделна дејност во траење од најмалку три месеци, а не подолго од две години, од денот на правосилноста на одлуката.

(6) Доколку прекршокот од ставот (1) на овој член е извршен со цел сторителот да се стекне со сопствена имотна корист или имотна корист за друго лице, може да се изрече глоба до двојниот износ од максимумот на оваа санкција или во сразмер со висината на прибавената корист, но најмногу до десеткратен износ од ставот (1) на овој член.

Член 114

Прекршочни санкции за службени лица

(1) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на службеното лице во органите кое се одговорни за спроведување на овој закон, како и на лицето кое е овластено за спроведување на дејствијата утврдени во овој закон доколку:
1) службеното лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, градоначалникот на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје и службено лице во општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, не ги презело навремено во утврдениот рок и ефикасно сите неопходни мерки и постапки за спроведување на овој закон;
2) службеното лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, не го ажурира редовно Регистарот од член 19 од овој закон и
3) службеното лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина не го следи објавувањето на нови заклучоци за најдобри достапни техники од Бирото за интегрирано спречување и контрола на загадувањето на Европа и не се придржува на роковите за давање предлог до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина согласно член 44 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на градоначалник на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје ако не ги презело навремено во утврдениот рок и ефикасно сите неопходни мерки и постапки за спроведување на овој закон.
(3) За прекршоците од ставот (1) од овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 115

Постапка за порамнување и спогодување

(1) За прекршоците утврдени во член 111 од овој закон, државните инспектори и овластените инспектори за животна средина на општината се должни на сторителот на прекршокот најпрво да му предложат постапка за порамнување со врачување на прекршочен платен налог .
(2) За прекршоците од членовите 112 и 113 од овој закон, државните инспектори и овластените инспектори за животна средина на општината можат на сторителот на прекршокот да му понудат спогодување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.
(3) Доколку се постигне договор за спогодување, глобата на сторителот може да се намали најмногу за половина од максималната пропишана глоба за прекршок и/или да се изречат задолженија кои сторителот треба да ги исполни во одреден временски рок.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 116

Водење на прекршочната постапка

Постапката пред прекршочниот орган се води согласно со одредбите на Законот за животната средина и Законот за прекршоците.

## Глава XII
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 117

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 118

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон престануваат да важат членовите 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117, 118, 119, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 129, 134, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143 и 144 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22,171/22 и 3/25) и членовите 87, 88, 89, 90 и 91 од Законот за управување со отпадот (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/21 и 3/25).

### Член 119
### Завршна одредба

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.